**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Секторот за локален економски развој**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Слободан Ќосев,**
Раководител на Секторот
за локален економски развој

# СТРАТЕГИЈА СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2014-2017 ГОДИНА

Скопје, ноември 2014 год.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 алинеја 4 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" број 55/04 158/11), Советот на Град Скопје, на триесет и петтата седница одржана на 2 декември 2014 година, донесе

# СТРАТЕГИЈА СО АКЦИОНЕН ПЛАН
# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
# ЗА ПЕРИОД 2014-2017 ГОДИНА

## ВОВЕД

Европската повелба за локална самоуправа ( Советот на Европа, 1985 година ) ја дефинира улогата на локалните власти во делот на креирањето на условите за забрзан локален економски развој. Во овие рамки на локално ниво и на ниво на градска заедница, особено значење се посветува на локалниот економски развој и на дефинираните основни развојни правци и приоритети, како и мерките, потребните ресурси и динамиката на нивното остварување, а во насока на остварување на зацртаната цел: Унијата да стане најконкурентната економска област и научна заедница во Светот.

Европската комисија и претставниците на локалните власти континуирано ја нагласуваат посебната улога на главните градови на државите во Европската Унија, нивниот економски развој и потребата од дефинирање на заеднички насоки за континуирано подобрување на условите за живот и работа во овие високо квалитетни урбани средини, како еден од приоритетите на обновената Лисабонска стратегија – „Европа да се направи попривлечно место за инвестирање и работење", т.е да се унапреди нејзиниот потенцијал за економски раст и отворање работни места. Со својот вкупен потенцијал, особено со капиталот на човечки ресурси, овие градови играат главна улога за зголемената конкурентност на европското стопанство и европскиот општествен и културен развој. Во овој контекст, од особена важност е градовите да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки во однос на поставувањето приоритети за унапредување на економската, социјалната и на еколошката добросостојба на пошироката заедница, со цел придонес кон оддржливиот развој.

Со Законот за локална самоуправа, донесен во 2002 година и Законот за Град Скопје ( 2004год.), локалниот економски развој е надлежност на Град Скопје и единиците на локалната самоуправа на територијата на Градот. Овој сегмент на дејствувањето на Град Скопје претпоставува изградени капацитети на градската администрација за соработка со општините, институциите за поддршка на МСП и невладиниот сектор, како и директна поврзаност со бизнис заедницата, а со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, преку креирање на стопански развој и општествената благосостојба. Во Законот е дефинирано дека Градот Скопје, покрај другото, е надлежен и за: урбанистичкото (урбаното и руралното) планирање; заштита на животната средина и природата; локалниот економски развој (планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локалната економска политика, поддршка на развојот на МСП и на претприемништвото на локално ниво); и комуналните дејности.

Претпоставка за забрзаниот економски развој на Градот е: поставување на јасна визија за Градот како оддржлив град – Град по мерка на човекот, препознатлива бизнис дестинација со поволно бизнис опкружување и силна поддршка за развој на малите и средни претпријатија. Покрај тоа, постапката за стратешко планирање на локалниот развој содржи и реална проценка на јаките и слабите страни на Град Скопје , но и добро дефинирање на сите активности и задачи, планирани за успешно спроведување и реализација на дефинираните стратешките цели.

Имајќи предвид дека со повеќето стратешки документи на Град Скопје веќе се идентификувани дел од релевантните фактори, како што се: географска положба, природни ресурси, економска благосостојба, организациона структура, надлежност и овластувања, степенот на децентрализација, општински давачки и сл., и истите се вградени во т.н профил на Град Скопје, со Стратегијата со Акционен план за локален економски развој на Град Скопје за период 2014 -2017 година, треба да се направи анализа на целокупното опкружувањето и на обврските на Град Скопје кои произлегуваат од процесот на децентрализација и пренесување на дел од надлежностите на локално и /или ниво на Градот.

Во процесот на подготовка на Стратегијата со Акционен план за локален економски развој на Град Скопје за период 2014 -2017 година и во имплементација на зацртаните цели и приоритети, Градот ќе има координативна функција и ќе мора да работи на воспоставување и јакнење на постојните партнерства , како со:

- ✓ единиците на локална самоуправа на територијата на град Скопје, така и со
- ✓ приватниот сектор ( јавно-приватни партнерства ),
- ✓ институциите за поддршка на МСП и невладиниот сектор , но и со
- ✓ институциите од централната власт.

Стратегијата со Акционен план за локален економски развој на Град Скопје за период 2014 -2017 година е изработена од страна на Фондацијата за развој на мали и средни претприемништва –Скопје, при што процесот на изработка е координиран од страна на претставници од Град Скопје.

## 1. ПРИНЦИПИ НА СОРАБОТКА

Главните принципи на соработка во најголем дел се еднакви со оние користени во изработката на регионалните и/или стратегиите за поддршка на мали и средни претпријатија на градовите во земјите членки на Европската Унија. Така, главни принципи кои ќе се применуваат се:

**<u>1. Партнерство во постапката на изработка на Стратегијата</u>** - како еден од најбитните предуслови за забрзување на промените на средината во која работат малите и средни претпријатија. Основа на стратешкиот развој е низ консултации и консензус да се дефинираат заедничките интереси на сите актери во процесот на изработка на Стратегијата (претставници на државните и општинските институции, на академските институции, здруженија на претпријатијата, стопанските комори и другите институции за поддршка на МСП на територијата на град Скопје, општините на подрачјето на Градот, невладините организации, професионални здруженија, меѓународни институции).

**<u>2. Заедничка сопственост и партнерство во реализација на зацртаните приоритети</u>**- претпоставува партнерски односи и поделба на задачите со цел поефикасно остварување на истите. Принципот на заедничка сопственост треба да обезбеди документот да биде „заедничка сопственост“ на сите учесници во креирањето на истиот: градската администрација, приватниот и граѓанскиот сектор, се со цел во старт да се обезбеди широка поддршка на Стратегијата, стратешките цели и на програмите и проектите за нивна реализација.

**<u>3. Оддржливост</u>** - главното прашање по принципот на оддржливост се однесува на потребата од постоење на рамнотежа и усогласеност на внатрешните елементи на Стратегијата (стратешки цели , задачи, мерки, програми и проекти). Друг битен елемент, кој

ја поддржува оддржливоста, е промовирањето и развојот на компаративните предности за примената на „maxi-maxi" стратешкиот пристап во SWOT анализата.

**4. Интеграција** - како принцип кој треба да биде имплементиран на два начина:

- интеграција на заедничките локални потреби, постигната преку активно учество на сите локални и регионални актери и
- интеграција на плановите за развој на секторите кои меѓусебно треба да се поддржуваат, со цел обезбедување на компатибилност и усогласеност на активностите за реализација на идентификуваните мерки.

**5. Квалитет** – како принцип кој во стратешкиот план треба да биде постигнат преку добро направената идентификација на социо-економската ситуација, добро дефинираните компаративни предности, како и селектирани можности и подрачјата на интервенција.

**6. Иновативност**, која како принцип е применета во делот на идентификацијата на проектите, како и во делот на можните форми на ефикасно користење на расположливите ресурси за реализација на истите.

**7. Јасно дефинирана структура на „дрвото на цели"**, како принцип кој ќе овозможи јасна претстава за тоа : каде сме, каде сакаме да одиме, како да стигнеме до таму и кога, со кои ресурси и со какви капацитети.

**8. Хиерархиска поставеност на стратешките планови**, при што стратешките планови на пониско ниво во принцип се поспецифични и треба да се во согласност со оние на повисоко ниво, кои ја претставуваат рамката на делување ( принцип на супсидијарност ).

**9. Двојност** – при што мора да се има предвид дека Стратегијата од една страна е динамичен документ кој трпи промени и може де се надоградува и надополнува, а од друга страна е документ со јасно зацртани цели и активности кои треба да се реализираат во дефиниран временски период.

## 2. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Стратегијата со Акционен план за локален економски развој на Град Скопје за период 2014 -2017 година, е среднорочен плански документ кој го опфаќа периодот 2014- 2017 година. Вака дефинираната временска рамка е со цел, истиот да се усогласи со дефинираните периоди на стратешките документи за развој на Република Македонија, пред се со стратегијата Европа 2020.

## 3. УЧЕСНИЦИ

Процесот на изработка на стратешкиот план е посебно обликуван, со цел рамноправно и активно учество на сите актери задолжени и/или заинтересирани за оддржливиот економскиот развој на град Скопје.

Формирани се три партнерски групи на различни заинтересирани страни – чинители во процесот и дефинирани се нивните улоги при подготовката на документот.

- **Главни субјекти - носители на процесот на изработка на Стратегијата се:**
  - Град Скопје, пред се, Одделението за локален економски развој на Град Скопје, и
  - Фондацијата за развој на мали и средни претприемништва - Скопје.

- **Партнерските групи во изработката на документот се :**
  - Одделенијата за локален економски развој во општините во град Скопје, со кои е неопходно да се воспостави добра координација и соработка , како и
  - Претставниците на јавните претпријатија и институциите кои се во надлежност на Град Скопје,
  - Граѓанските организации, коморите и институциите за поддршка на малите и средни претпријатија и фирмите во Градот.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОСТАПКА

Во основа, процесот на изработката на Стратегијата со Акционен план за локален економски развој на Град Скопје за период 2014 -2014 година, се состоеше од:

- ✓ дефинирање на нормативната рамка - стратешките документи со кои се дефинираат главните правци за забрзан локален економски и одржлив развој на Градот и
- ✓ спроведување на анкета со претставници од единиците на локалната самоуправа на територијата на град Скопје, јавните претпријатија и институциите во надлежност на Град Скопје, коморите и другите институциите за поддршка на МСП, со претставници од невладиниот и бизнис секторот, а со цел дефинирање на потребите и планираните активности.

Резултатите од анкетата направија пресек на моменталната состојба во повеќето сектори во Град Скопје, реално го отсликаа бизнис опкружувањето во кое функционираат малите и средни претпријатија во градот Скопје, го дефинираа степенот на соработката на Градот со институциите за поддршка на МСП на територијата на град Скопје, како и соработката со невладиниот секторо.

Изготвената Стратегија и Акциониот план за реализација на истата, засновани се на *win-win* концептот (концепт на победник-победник) и на моделот на долготрајна соработка (како алтернатива на преовладувачката ad hock соработка), во кој се надополнуваат ресурсите на сите партнери во изработката на двата стратешки документи и ресурсите на Град Скопје, што се очекува да резултира со повеќекратно подобрување на резултатите во севкупниот економски развој.

Вака развиениот модел на соработка несомнено ќе доведе до поголема отвореност и доверба помеѓу главните субјекти на оваа Стратегија, како и до поголем квалитет во меѓусебните контакти. Воедно, овој модел на соработка позитивно ќе влијае на содржината и формите на соработка, во насока на дефинирање на стратешки партнерства за соработка по проектен принцип и по програми дефинирани од страна на Град Скојпе и/или програмите на меѓународната заедница. Конечно, моделот ќе придонесе кон јакнење на веќе постојните институционализирани форми на соработка и креирање на одржливи релации помеѓу овие субјекти, што ќе овозможи заедничко координирано делување и постигнување на видливи промени во заедницата.

Процесот на изработка на стратегијата беше осмислен и реализиран во неколку фази, во периодот јануари 2014 - мај 2014 година.

Првата фаза опфаќаше организациско поставување на проектот, како и подготовка и дистрибуција на прашалници до дефинираните институции. Истражувањето беше реализирано во период јануари – март 2014 година, преку квантитативно-квалитативни прашалници со кои се обезбеди реална слика која послужи како основа за креирање на Стратегијата. Дистрибуцијата на прашалниците се изврши преку електронска пошта на репрезентативен примерок од 320 субјекти ( службите на Град Скопје, општините, јавните претпријатија на градот и институциите во надлежност на Град Скопје, коморите и институциите за поддршка на МСП, невладиниот и бизнис секторот, проектни канцеларии за образование на млади, за доживотно учење, за заштита на животната средина и повеќе од 150 мали и средни претпријатија.

Прашањата во прашалници беа групирани во неколку области, кои се однесуваат на следното: информации за организацијата, односно одделението/секторот при Град Скопје, општи сознанија и ставови за соработката на институциите со Градот Скопје, информации за досегашната соработка на организацијата и Градот Скопје, како и предлози за идна соработка , развојните потреби и идеи за заеднички проекти.

Беше направена анализа на повеќето стратешки документи на Градот и акциските планови за реализација на истите. Со групирањето и разработка на предлог идеите и на идеите за проекти започна имплементацијата на втората фаза од проектот која имаше за цел да ги дефинира стратешките цели, како и активностите за нивна реализација. При дефинирањето на стратешките цели, особено внимание беше посветено на нивната

усогласеност со целите дефинирани со сите национални стратешки документи кои ги дефинираат надлежностите на локално ниво и на ниво на Град Скопје, како и со стратешкиот документ на Унијата - Европа 2020. Резултатите беа интегрирани и се дојде до дефинирање на заеднични стратешки цели и активности за реализација на истите. Со ова се заокружи втората фаза на реализацијата.

Во третата фаза се реализираше работилница која имаше за цел: дефинирање на визијата за Град Скопје и дефинирање на приоритетите на развој и стратешките цели.

Финалниот дел од имплементацијата на проектот опфати подготовка на Нацрт Стратегија и доставување до претставниците на Град Скопје. Коментарите и забелешките по нацрт документот се инкорпорирани во текстот на документот, по што се изготви финалниот текст на Предлог Стратегијата.

## 5. ОПШТИ НАПОМЕНИ И НОРМАТИВНА РАМКА

Процесот на децентрализација предвидува пренесување на голем дел од надлежностите на општините и на Град Скопје. Во најголемиот дел стратешки документи на Република Македонија, како и во националните развојни документи посебно се дефинира улогата на единиците на локалната самоуправа и нивните обврски во делот на имплементацијата на предвидените активности. Имајќи ја предвид важноста на град Скопје, како главен град на Државата, како и неговата организациона поставеност, во повеќето документи посебно се нагласени и обврските и законските определби за Градот, неопходни за економскиот развој на земјата, а секако, и за побрз влез во ЕУ .

Од друга страна, потребата од забрзување на интеграцискиот процес на Република Македонија во Европската Унија, претпоставува спроведување на сите дефинирани институционални реформи за приближувањето кон Унијата. Со цел усогласување и приспособување на Градот кон дефинираните промени во Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје , земени се предвид и дел од определбите и принципите дефинирани со стратешките документи на Унијата, пред се :

- Нова економска стратегија за Европа - Европа 2020, со која се дефинираат заедничките иницијативи и акции за подобрување на конкурентноста на ЕУ, за поголем развој и создавање на повеќе работни места. При тоа, трите приоритети кои взаемно се поткрепуваат и надополнуваат се :
  - ✓ интелегентен раст, во насока на потикнување на знаењето, иновациите, образованието и дигиталното општество),
  - ✓ оддржлив развој и поефикасно користење на ресурсите заради зајакнување на конкурентноста,
  - ✓ инклузивен развој т.е. стекнување вештини и знаења за поголема вработеност, поттик на економија и социјална и територијална кохезија.
- Водечките принципи за планирање на оддржливиот развој во Европа, кои се базираат на Европската повелба за регионално/просторно планирање и Повелбата од Торемолино, 1983 г), кои треба да обезбедат активно учество на сите региони, градови и општини во процесот на Европска интеграција и демократизација на општеството:
  - o Промовирање на територијална кохезија преку побалансиран социјален и економски развој на регионите и подобрена компетитивност,
  - o Поттикнување на развојот, генериран од урбаните функции и подобрување на врските помеѓу градот и селото,
  - o Промовирање на побалансирана пристапност,
  - o Развој на пристап до информации и знаења,
  - o Редуцирање на штетите врз животната средина,
  - o Унапредување и заштита на природните ресурси и природното наследство,
  - o Унапредување на културното наследство како фактор на развојот,

- o Развој на ресурси на енергија со одржување на безбедност,
- o Поттикнување на квалитетен оддржлив туризам,
- o Ограничување на влијанијата од природни катастрофи.

Европската повелба за мали претпријатија , како документ со кој Унијата го признава фактот дека малите бизниси се главни креатори на работни места и столб на европската економија и клучен фактор за нејзината конкурентност. Основното мото на политиката на ЕУ за поддршка на развојот на малите претпријатија е "прво мисли на малите", а за реализација на зацртаните политики поставени се приоритети и заеднички цели дефинирани за сите стратешки документи за развој.

Од националното законодавство консултирани са следните документи:

- Стратегија за реформа на системот на локалната самоуправа во Република Македонија, и Програма за спроведување на процесот на децентрализација, со кои се дефинираат надлежностите на локалната самоуправа и Градот Скопје , како и условите и динамиката за непречено пренесување на надлежностите, со истовремено дефинирање на инструментите за јакнење на капацитетите на локалната администрација, во насока на успешно извршување на веќе пренесените надлежности,
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019, за планирање на регионалниот развој како предуслов за намалување на диспаритетите меѓу регионите, а посебно меѓу градот Скопје како центар и другите делови од земјата со што ќе се овозможи побрзо задоволување на економските критетиуми за влез во ЕУ,
- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, која ги дефинира насоките за развивање на ефективен образовен систем, на сите степени на образование, како и обврските на локалната самоуправа и Градот Скопје потребни за реализација на законски дефинираните надлежности,
- Национална стратегија за развој на информатичко општество со која се дефинира економската, социјалната и политичката визија на општеството базирано на знаења, преку развој и примена на ИКТ во сите сфери на животот, кои создаваат современи и ефикасни сервиси за граѓаните и за бизнис-заедницата,
- Национална стратегија за развој на електронски комуникации со информатички технологии, со која се дефинира основната инфраструктурна подлога за информатичкото општество, неопходна за воведување и развој на основните постулати на информатичкото општество (е-владеење, е-образование, е-бизнис, и др.), а со крајна цел - подобрувањето на квалитетот на животот во Македонија,
- Национална Стратегија за оддржлив развој во Република Македонија (2009-2030 ), која ја обезбедува ефективната рамка за оддржлив развој за да се поттикне растот на домашните и странски инвестиции,
- Национална Стратегија за инвестиции во животна средина ( 2009-2013), која ги дефинира стратешките приоритети и инвестиции од страна на Владата и другите партнери кои се активно инволвирани во заштита на животната средина, ги утврдува неопходните мерки ( институционално зајакнување и надградба на човековите ресурси на локално ниво ) за подобро спроведување на истата,
- Национална стратегија за апроксимација во животната средина, со која треба да се најде најсоодветен пристап за Владата на Р.М . за да одговори на комплексните одговорности предвидени со приближувањето на правото на ЕУ за животната средина и во исто време да придонесе кон оддржлив развој на земјата,
- Национална Стратегија за механизмот за чист развој - Кјото протоколот, со која треба да се олесни трансферот на инвестиции и технологии преку Механизмот за Чист Развој ( ЦДМ ), заради спроведување на проекти со кои се намалуваат емисиите на стакленички гасови и се придонесува кон остварувањето на националните приоритети за оддржлив развој на Република Македонија,

- Стратегија за управување со отпад на Република Македонија ( 2008-2020 ), со која се дефинираат фундаменталните насоки во областа на управување со отпадот и тоа во правец на надминување на последиците од несоодветното управување на отпадот врз воздухот, водата, почвата и здравјето на луѓето, намалување на количествата на отпад и негово искористување како енергија и воведување на технологии за почисто производство и одржливо управување со природните ресурси,
- Национален еколошки акционен план - NEAP , како основен инструмент на заштитата на животната средина со дефинирани акции за операционализација на истите, во насока на остварување на предвидените цели: решавање на еколошките проблеми, создавање услови за одржлив развој и олеснување на интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија,
- Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година, ги дефинира мерките и активности за зголемување на енергетската ефикасност во финалната потрошувачка и го дефинира процесот на поттикнување на користењето на био горивата,
- Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020 година,
- Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, документ со кој треба да се зголеми конкурентноста на домашната индустрија базирана на знаења, иновации и истражувања кои водат кон раст и развој, да се создаде стимулативна, деловна и инвестициона клима и поддршка на претпријатијата за подобрување на нивните конкурентни способности со стекнување на знаења, нови технологии и пазари,
- Стратегија за развој на туризмот, која ги дефинира приоритетите за развој на туризмот, активностите и мерките со чија релизација Македонија треба да изгради имиџ на препознатлива европска дестинација, со промоција на препознатливото културно , историско и природно наследство и со високо квалитетен туристички производ,
- Стратегија за Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020 , како национален стратешки документ за зголемување на конкурентноста на домашната индустрија, базирана на знаење, иновации и истражувања кои водат кон раст и развој, создавање стимулативна деловна и инвестициона клима и поддршка на претпријатијата,
- Програма за конкурентност , иновации и претприемништво и Извештајот за реализација на Европската повелба за малите претпријатија за Република Македонија, како и Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи, како стратешки документи кои ја иницираат иновативноста, мерките и активностите за зголемена конкурентност на стопанството,
- Национална стратегија за развој на занаетчиството и акционен план 2012-2020, со која се дефинираат клучните мерки за подобрување на конкурентноста и одржливоста на занаетчиството и микро претпријатијата преку; обезбедување развој и заштита на интересите на овој сектор, нивно подобро економско опкружување, обезбедување високо квалификуван тренинг и едукација и развивање и заштита на домашниот занает и традиционалните занаетчиски дејности како дел од економското и културното наследство на Македонија,
- Национална стратегија за вработување на 2015, со Национален акционен план за вработување и годишните оперативни планови за активни политики и мерки за вработување, во кои се содржани среднорочните стратегии за зголемување на вработеноста,
- Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, со ефикасните и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот за поголема

социјална заштита, соодветна парична помош, социјалната превенција и вон институционалната заштита, како и со новите можности за унапредување на модалитетите јавно-приватното партнерство во социјалната заштита,

- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, и Програма за социјална инклузија, која ги дефинира мерките и активностите за активно ангажирање на овие групи во заедницата и тестирање на нови практики за нивно социјално вклучување ,
- Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018,
- Програма за развој на заштита на децата,
- Национална стратегија за стари лица 2010-2020, со која треба да се овозможи подобрување на квалитетот на живеењето и социо-економскиот статус на старите лица и нивната интеграција во пошироката заедница,
- Стратегија за промовирање и развој на волонтерството ( 2010-2015) со акциски план ,
- Национална транспортна стратегија 2007-2017, која ги дефинира приоритетите за развој на модерен, добро одржуван транспортен систем според потребите на државата за непречена регионална и меѓународна трговска размена, мобилност на граѓаните, особено на младите, старите и лицата со посебни потреби, а воедно да се заштити и унапреди животната средина и културното наследство на државата.

Во процесот на изработка на Стратегијата беа земени предвид и сите стратешки документи на Град Скопје и општините во Градот, релевантни за секторот за развојот на пошироката заедница, како и документите за развој на Скопскиот плански регион:

- Просторен план за Скопски регион, долгорочен, интегрален и развоен документ, со кој се дефинира просторната организација на Регионот, целите и концепциите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација,
- Програма за развој на Скопскиот плански регион, со која се предвидува Скопскиот регион да стане модерно урбанизирано место за живеење со современа инфраструктура со стапка на вработеност на европско ниво, каде жителите се целосно здравствено и социјално згрижени,
- Стратегија за локален економски развој на Град Скопје (2009-2013) со Акциона програма за локален економски развој на Град Скопје,
- Локален еколошки акционен план за Град Скопје ( ЛЕАП ), кој подразбира воспоставување на одржлив развој на градот, заштита и унапредување на животната средина и здравјето на луѓето и обезбедување подобар живот за сите жители на градот, со што ќе бидат задоволени барањата на ЕУ регулативите.
- Стратегија за млади на Град Скопје,
- Стратешки план за заштита и рехабилитација на Аквадуктот во Скопје ,
- Програмата за ревитализација на Старата скопска чаршија ,
- Стратегија на Град Скопје за соработка со невладин сектор,
- Стратешките документи на јавните претпријатија и институции во ингеренција на Град Скопје,
- Стратешките документи за локален економски развој на општините на територија на град Скопје
- Програма за одржување и заштита на магистралните и собирните улици и за регулирање на режимот на сообраќајот во град Скопје,
- Програмите за финансирање на јавните установи и на културните манифестации и активности од областа на културата во град Скопје ,
- Програма за управување со отпад на Град Скопје ,
- Програма за изработка на урбанистички планови на Град Скопје,
- Програма за активностите за ефикасно претставување на интересите на Град Скопје пред институциите на ЕУ за 2010 година,

- Програма за активностите на Град Скопје од областа на социјална, детска и здравствена заштита,
- Програма за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на град Скопје,
- Програма за одржување на коритото на реката Вардар на подрачјето на град Скопје,
- Програма на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје,
- Програма за одржување на каналите на подрачјето на град Скопје, Програма за активностите на Град Скопје од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации,
- Програма за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование ,
- Програма за меѓународна соработка на Град Скопје,
- Програма за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите на Град Скопје ,
- Програма за финансирање на проекти за развој на занаетчиството, угостителството и трговијата на Град Скопје ,
- Програма за уредување на карактеристичниот пејсаж Гази Баба,
- Посебниот план за заштита и одгледување на парк шумата Водно 2007-2016 година,
- Програма за изградба на објекти од јавен интерес со деловен простор – катни гаражи.

## 6. SWOT АНАЛИЗА

Компаративните предности на Град Скопје се идентификувани преку SWOT анализата, направена на основа на истражувањето на слабите и јаки страни на бизнис опкружувањето, содржани во прегледот на други стратешки документи на Градот, потоа на основ резултатите од анкетата, како и разработката на истите во корелација со постојната состојба во секторот направена на одржаната работилница.

Дефинираните <u>јаки страни </u>се конкурентните предностите на Град Скопје кои го прават Градот атрактивно место за живеење, работа и раст и развој на малите и средни претпријатија. <u>Слабите страни</u> , претставени како факти и трендови , претставуваат пречки и/или ограничување на развојот. <u>Можностите</u> се услови кои би го овозможиле и олесниле развојот на конкурентските предности, додека пак <u>ризици</u> се неповолни трендови кои доведуваат до опаѓање на конкурентската предност на развојот и растот на МСП и до намалување на фирмите и постојните работните места.

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Поволна географска положба , на крстопат на два европски траспортни коридори, 8 и 9, под-коридорот 10А ,<br>• Постоење на правна рамка во поголем дел од секторите релевантни за ЛЕР;<br>• Добра соработка со постојните локални и регионални развојни агенции и други институции надлежни за поголемиот број сектори, релевантни за развојот на Градот; | • Зависност на понудените услуги од средствата за субвенционирање на истите (средства обезбедени од програмите на Владата или меѓународната заедница);<br>• Неповолни извори на финансирање и висока цена на капиталот;<br>• Недоволна подршка на start up (почетнички) фирми, со цел самовработување на младите кадри; |

| | |
|---|---|
| ■ Успешен процес на децентрализација во повеќето области во кој е спроведена децентрализацијата;<br>■ Релативно добро развиената патна инфраструктура која обезбедува мобилност на населението , како и лесен и брз пристап на македонските МСП на меѓународните автопати и нивната поврзаност со регионални, ЕУ и источни пазари;<br>■ Адекватна воздушна инфраструктура ;<br>■ Добро развиена телекомуникациона мрежа и безжично интернет поврзување,<br>■ Скопје-како најголем потрошувачки центар во регионот;<br>■ Развиена трговска мрежа и големопродажба;<br>■ Изградени сместувачки капацитети и угостителски објекти;<br>■ Постоење на банкарски сектор со голем готовински потенцијал за инвестирање;<br>■ Постоење на голем број образовни институции и постојано зголемување на бројот на приватните образовни институции (универзитети, факултети, различни средни и основни училишта )<br>■ Голем број на стручно оспособени млади луѓе со голем креативен потрнцијал;<br>■ Достапност на релативно добро едуцирана работна сила по конкурентни цени;<br>■ Голем број на претприемачи во регионот;<br>■ Голем број на консултанти, консултантски фирми и консултантски мрежи;<br>■ Традиција и искуство во различни економски сектори;<br>■ Постоење на професионални сектори во Град Скопје кои работат на комуналните работи, заштитата на животната средина и природата, планирање и уредување на просторот и ЛЕР;<br>■ Локални економски развојни програми/ постоење партнерство помеѓу власта и приватниот сектор во поголемиот дел од регионот;<br>■ Добра соработка со општините;<br>■ Постоење на саемски и изложбени центри;<br>■ Постоење на Национален Центар за | ■ Неповрзаност и некоординираност на институциите за подршка на МСП;<br>■ Недоволно искуство на јавната администрација за подготовка на проектна документација и вклучување на бизнис секторот во програмите на меѓународната заедница;<br>■ Ниско ниво на ефикасно користење на фондовите на ЕУ ;<br>■ Недоволно искуство за лобирање за средства од нови програми и проекти;<br>■ Недоволна заштита на животната средина;<br>■ Недостаток на знаења и свесност за проблемите со животната средина и ризиците од загадување од работата на МСП;<br>■ Недостаток на информации и знаења за погодностите од воведување на системи за управување со животната средина;<br>■ Недоволна интегрираност на активности од областа на животната средина во секојдневното бизнис опкружување на МСП;<br>■ Недостаток на пристап до соодветни алатки, експертиза и обуки за унапредување на еколошкиот профил на компаниите;<br>■ Ниско ниво на спроведување на концептот на почисто производство, спречување на загадувањето, еко ефикасност, еко-иновативност и трансфер на т.н. зелени технологии;<br>■ Уситнетост и неповрзаност на претпријатијата во регионот и пошироко;<br>■ Застарена технологија;<br>■ Недостаток на управувачки вештини и на маркетинг техниките за промоција на домашните производи;<br>■ Недоволни вложувања во туризмот;<br>■ Висока стапка на невработеност;<br>■ Одлив на млади и образовани луѓе од регионот;<br>■ Корупција;<br>■ Политизација при изборот на кадри;<br>■ Недоволни вложувања во истражување и развој;<br>■ Недостаток на институции за контрола на квалитетот на производите и услугите; |

| | |
|---|---|
| почисто производство, како институција за поддршка на МСП за интегрирање на животната средина во бизнис опкружувањето;<br>▪ Соработка со збратимените градови на Град Скопје и општините во Скопје , како и со градовите со кои истите имаат други форми и видови на соработка;<br>▪ Богати и различни зачувани културни атракции од различни временски периоди<br>▪ Традиција, фолклор и гостољубивост на луѓето на природни и културни атракции | ▪ Споро прифаќање на ЕУ и другите меѓународни стандарди;<br>▪ Непостоење на детални урбанистички планови за сите делови на град Скопје;<br>▪ Неадекватна и недоволно развиена мрежа на примарните сообракајници;<br>▪ Делумно мешање на локалниот сообраќај со тековите на транзитниот и товарениот сообраќај на најкритичните делови .<br>▪ Слаба хоризонтална и вертикална комуникација помеѓу институциите на централно и локално ниво.<br>▪ Бавно темпо за имплементација на структуралните реформи<br>▪ Нецелосна база на статистички податоци и индикатори на ниво на Град Скопје;<br>▪ Недоволна општа и туристичка инфраструктура и пристап кон туристички дестинации<br>▪ Недоволни ресурси, особено за оддржување и капитални инвестиции во образованието;<br>▪ Неусогласеност помеѓу понудата на кадри (преку ВЕТ програми) и побарувачката за работна сила<br>▪ Ниско образовно ниво на некои маргинализирани групи;<br>▪ Ниско ниво на технолошки развој помеѓу голем дел од компаниите (иновации, ресурси за алтернативни енергетски извори итн).<br>▪ Ниско ниво на инвестирање (недостаток од идеи каде да се инвестира, краткорочно размислување, недостаток на вештина на стратешко планирање<br>▪ Процесите на стандардизација и сертификација во секторот на МСП се доста далеку од европското ниво и од нивото потребно за излес на глобалниот пазар;<br>▪ Речиси непостоење на мултимодални видови за меѓуповрзување и превоз кои се услов за функционален и ефективен транспорт (карго терминали и сл )<br>▪ Возниот парк со високо ниво на емисија на штетни издувни гасови. |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| ▪ Целосна хоризонтална и вертикална | ▪ Недостаток на финансиски средства за |

| | |
|---|---|
| усогласеност на мрежата на институции за поддршка на МСП;<br>▪ Интензивирање на соработка на локалната самоуправа со бизнис секторот и институциите за поддршка на бизнисот и иницирање на посебни форми на соработка,<br>▪ Активно вклучување во регионалните мрежи на институции за поддршка на МСП;<br>▪ Вклучување на Град Скопје во реализација и имплементација на другите програми на Владата ( Програма за поддршка на извозот, за промоција на инвестиции и др ) ;<br>▪ Зголемување на поддршката на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиите;<br>▪ Поддршка на процесите на воведување на иновации (нови технологии и развој на нови производи и услуги ) ;<br>▪ Примена на ЕУ стандардите;<br>▪ Иницирање и подготовка на проекти и пријавување на објавени тендери на ЕУ за програми на поддршка на МСП;<br>▪ Зголемување на можностите за субвенционирани обуки за претприемачите и бесплатни обуки за невработените;<br>▪ Иницирање на кластерско поврзување;<br>▪ Иницирање на нови слободни зони;<br>▪ Континуиран развој на пазарот на нови алтернативни форми на финансирање;<br>▪ Јакнење на регионалната конкуренција;<br>▪ Поддршка на развојот и процесот на проширување на пазарите за извоз;<br>▪ Развој на програми за трансфер на знаења, искуства и добри пракси од развиените земји;<br>▪ Јакнење на врската помеѓу приватниот сектор и образовните институции;<br>▪ Промоција на регионот и привлекување на домашни и странски инвеститори;<br>▪ Интензивирање на соработката со меѓународните финансиски институции;<br>▪ Промоција на културата на претприемаштвото;<br>▪ Иницирање и интензивирање на научно истрашувачката дејност во образовните институции.<br>▪ Воведување на ЕУ стандарди во поголем број сектори | кофинансирање на проекти;<br>▪ Недоволна соработка меѓу институциите во мрежата;<br>▪ Неможност да се исполнат критериумите за учество на фирмите на тендерите на програмите на Владата и меѓународната заедница;<br>▪ Голема надворешна конкуренција што може да доведе до пропаѓање на локалните производители;<br>▪ Одлив на квалификувана работна сила, воглавно млади (brain drain ) ;<br>▪ Скапо формално образование;<br>▪ Старосната структура на дел од невработените;<br>▪ Атрактивност на земјите на ЕУ за вработување на млади образовани луѓе;<br>▪ Ниско ниво на владина поддршка во различни области на обука во регионот;<br>▪ Забавен процес на ЕУ интеграција на Република Македонија.<br>▪ Низок институционален капацитет за целосна абсорпција на средствата од предпристапната помош ;<br>▪ Висока зависност од увоз на енергија<br>▪ Лоши услови на енергетско дистрибутивниот систем<br>▪ Неконтролиран раст на цената на енергијата<br>▪ Трансфер на 'валкана технологија'.<br>▪ Стареењето на популацијата и оддржливост на финансирањето на здраството<br>▪ Стареење на популацијата и очекувано намалување на бројот на школска популација<br>▪ Преголемото отварање на високи образовни институции, што резултира во намалување на квалитетот во образованието,<br>▪ Систем на високо образование кој не одговара на потребите на бизнисот ;<br>▪ Одлив (brain drain) на најдобро квалификуваната работна сила поради нестимулирање на истата.<br>▪ Глобализацијата и големата конкуренција на глобалниот пазар;<br>▪ Лимитирачки капацитети на локалната самоуправа и<br>▪ Организациони, политички и |

| | |
|---|---|
| ▪ Подобност за ЕУ предпристапна помош (ИПА) и други програми<br>▪ Пристап кон голем број општински и други програми за изградба на капацитет.<br>▪ Потенцијал за привлекување на странски директни инвестиции (СДИ).<br>▪ Развој на меѓународна соработка<br>▪ Зголемен број на Директни странски инвестиции<br>▪ Пристап кон ЕУ фонодви<br>▪ Висок интерес на меѓународниот пазар за културен, религиозен, рурален, еко и голф туризам<br>▪ Регионална и прекугранична соработка<br>▪ Воведување на ИКТ преку проектот 'компјутер за сите студенти'.<br>▪ Членство во меѓународни асоцијации и можност за регионална соработка<br>▪ Трансфер на знаења и добри пракси од ЕУ преку учество во регионалните и транснационални проекти;<br>▪ Развој на мулти и интер модален транспорт со цел зголемување на ефикасноста на постоечките видови на транспорт зголемен квалитет на транспортните услуги;<br>▪ Развој на градски железнички транспорт кој би ги користел постоечките железнички линии во Скопје<br>▪ Развој на финансиски пазар кој овозможува инвестирање во нови индустрии со повисока додадена вредност<br>▪ Успешна мобилизација на средства од ЕУ програмите во функција на развојот на индустријата<br>▪ Зголемување на ефективните јавни-приватни партнерства | финансиски тешкотии во процесот на меѓуопштинска (регионална) соработка<br>▪ Глобалната економска криза<br>▪ Доцнење во процесот за пристапување кон ЕУ<br>▪ Недостиг на капитал потребен за развој на индустријата, како од домашни така и од странски инвеститори; |

Имајќи ги превид дефинираните јаки страни и можностите, со цел внатрешните јаки страни да се употребат за максимално искористување на сите постојни екстерни можности, на работилницата се дефинирани приоритетите и стратешките цели ( истите се дефинираат по т.н maxi-maxi стратегија, која само на моменти е надополнета со стратегија на слаби страни и можностите, и е со цел надминување на внатрешните слабости со максимално искористување на постојни екстерни можности).

## 7. ВИЗИЈА

Тргнувајќи од постигнатите објективни резултати во досегашниот развој и при тоа:

- √ Водејќи сметка за реалните потенцијали и вредности на Град Скопје, како и ограничувачките ресурси и потребата од оптимализација на користењето на истите во

иднина;
- √ Сметајќи дека надворешните влијанија можат значително да влијаат на развојот на Градот ;
- √ Оценувајќи ги новите општествени односи, кои овозможуваат развој на иновативни партнерски односи, помеѓу јавниот , приватниот и граѓанскиот сектор,
- √ Прифаќајќи ги придобивките од процесот на глобализацијата, но промовирајќи ја глокализацијата[1] и соработката со сите наши партнери – градови во регионот, Европа и светот;
- √ Активно работејќи на јакнење на капацитетите за максимално користење на финансиската поддршка од меѓународната заедница, како наша „нова цврста валута" за членство во Унијата;
- √ Очекувајќи завршување на процесот на децентрализација и измени во легислативата, која ги дефинира односите на Град Скопје и општините на територијата на Градот;
- √ Со желба граѓаните на град Скопје да живеат и работат во безбедна и здрава околина која го подобрува квалитетот на нивниот живот ,
- √ Прифаќајќи ја различноста како извор на силата наместо поделба;
- √ Промовирајќи го град Скопје како дестинација во која инвеститорите со сигурност ќе го вложат својот капитал, а претпријатијата ќе работат во поволно бизнис опкружување, кои креират услови за раст и развој,

се дефинира **<u>Визијата за Скопје</u>**:

**Град промотор на бизнисот и посакуван град за инвестирање, Град со одржлива економија заснована на знаење, иновации и висококвалификувана и креативна работна сила која користејќи ги најдобрите светски практики создава услови за квалитетно живеење, долгорочен успех и континуиран просперитет на заедницата.**

Врз основа на вака дефинираната визија за град Скопје, со стратешкиот документ ќе се направи обид да се дефинираат и неколкуте важни стратешки правци на развој, кои треба да дадат одговор на прашањето – како до град " по мерка на човекот, отворен, димнамичен и посакуван за живеење" , град кој мора да обезбеди:

- Услови за <u>висок квалитет на животот на граѓаните</u> , нивно учество во сите аспекти на урбаниот живот и креирање на услови за живот по мерка на човекот, оддржлива заедница со:
  - развиено стопанство кое може да обезбеди работни места за оддржливо вработување , развој на посакувана кариера за секој граѓанин и остварување на доволно приходи за развој на семејствата,
  - образование и здравствена и социјална заштита на граѓаните.
- З<u>аштита на животната средина и средена инфраструктурата</u> како претпоставка за квалитетен живот на граѓаните, но и како можност за јакнење на претпоставките за креирање на подобар туристички производ, и
- Р<u>азвиен економски и културно препознатлив центар</u>, што подразбира развиена економија и претприемништво базирано на знаење и високи технологии, можност за оддржлив раст и развој на мали и средни претпријатија.

---

[1] Глокализација - взаемно делување на глобалните процеси на локалната заедница со истовремено потенцирање на локалните посебности и нивното влијание на глобалните процеси.

## 8. ПРИОРИТЕТИ НА РАЗВОЈ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

При дефинирање на приоритетите за забразан локален економски развој на град Скопје се тргна од претпоставката дека , како и во Стратегијата Европа 2020 , долгорочно одржливиот развој мора да се концентрира на повеќе меѓусебно поврзани столбови на развој, односно:

- Интегриран раст – и промовирање на инвестициите и економската поврзаност со регионалната и европска економија,
- Паметен раст - заложба за иновации и конкурентност на додадената вредност, а не на ниска цената на работната сила.
- Одржлив раст - преку подигнување на нивото на конкурентност во приватниот сектор, развој на инфраструктурата, како и еколошки и енергетски-ефикасен раст.
- Инклузивен раст - со ставање поголем акцент на развојот на вештини, создавање вработувања и инклузивно учество на пазарот на работна сила, здравството и благосостојбата.
- Со добро владеење до раст - односно зголемување на капацитетот на јавната администрација , владеењето на правото и намалување на корупцијата, со цел создавање клима која го поттикнува работењето на бизнисите и обезбедува јавни услуги кои се неопходни за економскиот развој.

Истовремено се направи обид да се дефинираат и областите на интервенција во локалната економија , кои треба да кореспондираат со седумте „водечки иницијативи" на Европа 2020:

- „Унија на иновации" , која има за цел подобување на условите и пристапот до финансии за истражување и развој, со што иновативните идеи ќе може да се претворат во производи и услуги, а воедно ќе овозможат економски раст и создавање нови работни места.
- „Млади во движење" , која има за цел да се подобрат условите во образованието и да се олесни пристапот до пазарот на труд за младите луѓе. Тоа, меѓу другото, ќе се постигне преку финансии од ЕУ наменети за програми за студирање, учење и обуки, како и платформи за обезбедување помош на младите луѓе што бараат работа да најдат вработување на територијата на целата ЕУ.
- „Дигитална агенда за Европа" , со која треба да се забрза пристапот до брзиот Интернет и употребата на информатичко -комуникациските технологии.
- „Европа што ефикасно користи ресурси" и со која треба да се оддели економскиот раст од користењето на ресурсите. Таа ја поддржува промената кон економија со ниски количества јаглерод, поголема употреба на обновливи извори на енергија, развој на зелени технологии и модернизиран транспортен сектор, како и енергетска ефикасност.
- „Индустриска политика за ерата на глобализацијата", која има за цел подобрување на бизнис -климата пред сè за малите и средните претпријатија, преку обезбедување помош за пристап до кредити и намалување на административните работи. Во нејзини рамки се поддржува и развојот на силна и одржлива индустриска основа, која е отворена за иновации и може да биде конкурентна на глобално ниво
- „Агенда за нови вештини и работни места" има за цел да се модернизираат пазарите на труд и да се оспособат луѓето преку развој на нивните вештини и зголемување на флексибилноста и безбедноста на работната средина. Во нејзини рамки се обезбедува и помош за работниците полесно да најдат работа на територијата на целата ЕУ, сè со цел подобро да се усогласат понудата и побарувачката на трудот.

Согласно националните ( МК- 2020 ) и регионалните стратешки документи ( Стратегија ЈИЕ 2020 ) и стратешките секторски документи за развој на Градот беа дефинирани шест области на делување:

- Вработување, обука и тренинг
- Социјална кохезија




омично

аење




На тој начин беа дефинирани и шесте **приоритети**

**П1.** ☛ **Поголема вработливост**

**П2.** ☛ **Развиена, конкурентна и оддржлива економија**

**П3.** ☛ **Одржливо управување со природните ресурси и енергијата и заштита на животната средина**

**П4.** ☛ **Подобрување на просторните квалитети и функции на Градот**

**П5.** ☛ **Подобрување на квалитетот на живот**

**П6.** ☛ **Модерна градска управа**

## ПРИОРИТЕТ 1: ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ

Најголемиот предизвик со кој се соочува локалната економија на Градот е генерирање на нови работни места и намалување на високата стапка на невработеност. Во соработка со Владата на Република Македонија, Градот ќе обезбеди услови за забрзан економски раст и развој на економија базирана на знаења, пред се, преку промовирање на сектори со висок

потенцијал за раст, кои се во можност да креираат нови работни места. При тоа, мора да се напомне дека овие сектори бараат специфична обука и вештини кои треба да ги обезбеди современиот образовен систем, вештини кои ќе бидат во можност да ги задоволат тековните и новите потреби, но кои истовремено треба да одговорат на потребите од промени кои водат кон поголема додадена вредност на работната сила и „паметен раст“ на секоја заедница.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Максимизирање на потенцијалот на човечките ресурси**

Како одговор на новите социјални, економски и технолошки реалности, Град Скопје континуирано ќе ги зголемува инвестициите во образование и обука и ќе презема активности за клучните вештини и компетенции (користење на науката и знаењето, информатичката технологија, странските јазици, претприемништвото и финансиската писменост) да станат широко достапни на граѓаните.

Истовремено, Градот, со цел намалување на нерамнотежата и празнините во синџирот на понуда и побарувачка за вештини ќе работи и на успешна антиципација на идните образовни програми согласно потреби на стопанството за нови практични знаења и вештини, како и на поголемо насочување на давателите на образовни услуги кон образовни програми и обуки кои се прилагодени на барањата на новата економија. Програмите за поддршка на образованието, во наредниот период, мора да се фокусираат на постигнување на „додадена вредност" на работната сила преку специфичен збир на мерки и активности:

П1.С1.**М1. Развивање на култура на учење и промоција на системот на доживотно учење со цел подигање на образовното ниво на населението**

Целта на доживотното учење е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на сите возрасти во текот на целиот живот. Градот, како посебна урбана заедница треба континуирано да работи на создавање на позитивна атмосфера за континуирано учење и саморазвој за сите популациски групи. Тоа подразбира зголемување на можностите за образовна мобилност на младите и возрасните и остварување на динамична соработка меѓу образовните установи и бизнис заедницата со цел задоволување на потребите од квалификувана работна сила и продуктивен човечки капитал, активен во стопанскиот и општествениот живот на заедницата.

Во овој контекст, особено е важно мобилизирањето на оние популациски групи, кои поради различни причини имаат застарени и несоодветни знаења, не располагаат со соодветни компетенции или останале образовно хендикепирани, како на пример: невработените, неписмените и маргиналните групи. При тоа, особено е битна соработката меѓу различните субјекти во образованието, јавниот и приватниот сектор, невладините организации и волонтерските здруженија, која треба да ги поттикне процесите на засилена образовна мобилност на младите и возрасните.

Ваквиот пристап бара подобра соработка меѓу сите заинтересирани страни, особено пазарот на труд и образованието, како и надминување на традиционалните пристапи за утврдување на вештините само преку формалното учење. Невозможно е да се очекува целокупната одговорност за јакнењето на интелектуалните капацитети на државата, оспособувањето на младите и возрасните за ефикасна работна и социјална инклузија и партиципација во процесите на одлучување и управување да се препушти само на формалното образование. Поради тоа, во наредниот период, Градот ќе презема конкретни иновативни мерки за засилување на соработката меѓу институциите за формално образование и институциите за неформално и информално образование.

Во тој домен, важна претпоставка е транспарентноста на процесот на градење на ефикасни врски со невладиниот сектор и негово промовирање во клучен партнер во развојот на образованието, како и дефинирање на интегрирана мрежа образовни институции од формалното, неформалното и информалното образование, во насока на развивањето на

културата на учење и зголемувањето на свесноста кај младото и возрасното население за значењето на образованието, но и за испорака на вистинска комбинација од вештини, вклучувајќи дигитални и трансверзални клучни компетенции, медиумската писменост и комуникација на странски јазик. Притоа, системот мора да се погрижи сите, а посебно младите луѓе, кои завршуваат средно и високо образование, да поседуваат вештини и компетенции потребни за брза и успешна транзиција кон вработување.

Особено значење треба да се даде на процесите на креирање на разновидни и флексибилни можности за учење во насока на стекнување на вештини и знаења потребни за кариерен развој, пред се, применети знаења кои стимулираат претприемнички дух и зајакнувањето на претприемничките компетенции кај младите и возрасните. Претприемништвото сè повеќе се разбира како агенс на идниот развој. Затоа, ако Град Скопје сака да стане конкурентна и атрактивна дестинација за бизнис, мора да инвестира во граѓаните, во нивните вештини, нивната способност да се адаптираат и во нивната способност да иновираат, поттикнувајќи го нивното учество во понатамошна обука и образование, и придонесувајќи за активно граѓанство и лична исполнетост. Ова значи дека треба да се охрабри секоја вистинската промена на начинот на размислување во однос на претприемачките ставови, што секако започнува со инсталирање на духот на претприемништвото од раното образование па натаму.

**П1.С1.М2. Рационализација и усогласување на мрежата на средни училишта со потребите на локалната економија и локалните развојни планови**

Образованието е основен двигател на растот и развојот на секоја заедница и е секогаш во функција на долгорочниот развој на економијата и општеството како целина, па затоа мора да биде и пазарно валоризирано. Со цел натамошно подигнување на образовното ниво на населението и поголемо ефектуирање на сите вложувања во неговиот развој, Град Скопје континуирано ќе ја јакне релевантноста и функционалноста на мрежата на средни училишта. Истата, мора да соодветствува со економското, демографското и културното окружување во кое делува.

Основен пристап во развојот и модернизацијата на средното и на постсредното образование е неговата социјално-економска и индивидуална релевантност. Во согласност со тоа, ќе се направат обиди образовните програми кои се реализираат во средното и во постсредното образование да се насочат кон образовните излези кои подразбираат сет на компетенции (јасно дефинирани знаења, умеења и способности) и потенцијали што ги бара пазарот на трудот, високообразовните институции и индивидуалниот развој на ученикот. Истото, претпоставува:

- Подигање на степенот на квалитет на воспитно-образовниот процес на ниво на извонредност:

- Создавање услови во средните училишта за доусовршување и развивање на способностите кај учениците преку обезбедување активности во воннаставниот процес во насока на поттикнување на креативниот дух, со цел создавање на позитивно ориентирани, активни и одговорни членови на заедницата низ воннаставен процес кој обезбедува:
    - ✓ Стимулирање на индивидуалниот кариерен развој на учениците
    - ✓ Поддршка на талентираните ученици, потикнување на натпревари во знаења и промоција на училишни постигнувања,
    - ✓ Истражувања и промоција на ученичките права, слободи и различности.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Подобрување на перформансите на пазарот на трудот

### П1.С2.М1. Подобрување на протокот на информации и промоција на националните програмите за вработување

Стратегиите и политиките за вработување на Владата на Република Македонија и планираните активности за вработување и ублажување на невработеноста се утврдени во повеќе документи, и тоа: Стратегијата МК 2020, Стратегијата ЈИЕ 2020, Програмата на Владата на Република Македонија 2011-2015 год, Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година, Националниот акционен план за вработување на РМ 2011-2013 година, Акцискиот план за вработување на млади 2015 година и Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси. Истовремено, политиките за вработување даваат придонес за остварување на определбите кои произлегуваат од Глобалниот пакт за работни места[1] и Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст - Европа 2020.

Во функција на успешно спроведување на политиките и програмите за вработување предвидени со Програмата за работа на Владата на Република Македонија, кои имаат за цел намалување на невработеноста, подобрување на вработливоста на невработените лица и јакнење на конкурентноста на економијата, Владата носи годишни оперативни планови за активни програми и мерки за вработување, кои вклучува програми и мерки за вработување со цел активација на пазарот на трудот и креирање на работни места преку стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работна сила согласно со потребите на пазарот на трудот, подобрување на понудата на работната сила, како и намалување на сивата економија.

Анализата на официјалните документи, како и на превземените мерки, проекти и активности, укажуваат на тоа дека локалните власти и Градот Скопје воопшто не се консултирани, а уште помалку вклучени во креирањето на националните документи и приоритети за намалување на невработеноста.

Од друга страна, Стратегијата Европа 2020, насоките за политиките за вработување на Европската стратегија за вработување, претпоставува вклучување на локалните власти во процесот на носење на одлуките. Согласно интегрираните насоки за пораст и работни места, централните власти мора да развијат регулаторна рамка којашто ќе стимулира изработка на интегрирани развојни локални стратегии. Секако, вака дефинираните локалните акции за вработување не се единствениот начин за решавање на проблемот со невработеноста, но се неопходен предуслов за која било ефективна стратегија за вработување. Накратко, за да се добијат посакуваните ефекти за зголемување на вработеноста потребно е активно партнерство на локалните и националните власти во процесот на планирање и имплементација на националните планови за вработување.

Во наредните години како резултат на вака креирано партнерство Град Скопје треба да стене промотор на годишните акциски планови за вработување и на мерките за вработување на различни целни групи, пред се, пред претставниците на бизнис секторот. Градот треба да обезбеди непречена комуникација помеѓу оние кои бараат работа и компаниите кои бараат работници.

### П1.С2.М2. Изработка на локален акциски план за вработување на Град Скопје

За сериозно спроведување на политиките за локален економски развој Градот Скопје ќе донесе Локален акционен план за вработување на Град Скопје, со кој ќе се идентификуваат стратешките приоритети во областа на вработувањето и можностите за мобилизирање и искористување на сите расположливи ресурси за поттикнување на вработеноста во Градот. За таа цел, Градот и Локалниот економски социјален совет на Град

[1] Донесен од меѓународната конференција на трудот на деведесет и осмата сесија , Женева, 19 јуни 2009 година

Скопје ќе формира пошироко партнерството за подготовка на ЛАПВ на Град Скопје од засегнати страни кои имаат интерес и можност да ја подобрат состојбата со вработувањето.

Локалниот акциски план за вработување на Град Скопје ќе ги дефинира можностите за:

- Примена на современи пристапи во управувањето со пазарот на трудот кои стимулираат вработување, пред се иновативни акции за стимулирање на вработувањето на младите, како креирање на партнерства за поголема транзиција на пазарот на трудот,
- Градење на административни капацитети за анализа на пазарот на труд по занимања и предвидување на трендовите на пазарот на трудот, со цел проценка на постојните и идните потреби за вештини, како и постојните и идни вишоци во редовите на работната сила. Со тоа, ќе се унапреди мобилноста на работната сила, ќе се изготвуваат планови за стручно образование и образование за возрасни што ќе им служи на работодавачите,
- Поголема мобилност, постепено отстранување на рестрикциите на пазарите на труд во Градот и справување со неформалното вработување,
- Зголемено искористување на јавните работи на локално ниво за лица кои тешко можат да се вклучат на пазарот на трудот, како и
- Промовирање на иницијативи на социјалната економија: Развивање и промоција на социјално претприемништво, вмрежување, споделување на знаења и идентификување на добри практики.
- Осмислување на иновативни програми за вработувањето на жени и млади, како и на лица од ранливите групи кои се исклучени од пазарот на трудот (на пр. етнички малцинства, лица со субсидијарна заштита и др.).

## ПРИОРИТЕТ 2: РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА

Една од стратешките цели на Стратегијата Европа 2020, е обезбедување на глобалната конкурентност на европската економија. Во услови на натамошна интеграција на Регионот и на Република Македонија во ЕУ, јакнењето на конкурентноста е дефиниран приоритет и во Стратегијата ЈИЕ 2020, во националните стратешки документи и Стратегијата Македонија 2020.

Согласно вака дефинираните политики, стратешките документи и Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје за овој период, ќе дефинира мерки и активности за континуирана поддршка на процесите на диверзификација и модернизација на стопанството на Градот и создавање на услови за производство на конкурентни производи и услуги, со повисока додадена вредност, базирани на знаење, иновации и меѓусебна соработка, кои како крајна цел имаат: зголемување на вработеноста и пораст на извозот на европскиот и светскиот пазар.

Досегашните политики за унапредување на конкурентната способност на ниво на урбана заедница, главно се фокусирани на три области: (1) изградба на инфраструктура (деловна, транспортна, телекомуникациска, водоснабдителна и сл.); (2) унапредување на јавните услуги (образование, здравство, јавна безбедност, домување и сл.); и (3) финансиска и нефинансиска поддршка на малите и средни претпријатија, пред се на новоотворените фирми.

Согласно моделот за паметен, одржлив и инклузивен раст, промовиран од Европа 2020, новиот стратешки документ за локален економски развој на Градот покрај наведените области на интервенција, кои остануваат да бидат критични фактори за одржливо подобрување на конкурентната способност на локално ниво, ќе презема и активности насочени кон создавање дополнителна вредност на локалните бизниси, пред се, преку градење окружување во кое фирмите, преку искористување на создадените иницијативи за

иновирање и меѓусебно учење, ќе го унапредуваат општото ниво на конкурентна способност на локалната економија.

Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје 2014-2017, во рамките на дефинираниот приоритет: развиена, конкурентна и одржлива економија дефинира стратешки цели, со дефинирани активности и мерки:

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Креирање на поволно бизнис опкружување**

Една од основните претпоставки за динамичен и одржлив раст на локалната економија е способноста на Градот, во соработка со надлежните министерства и национални институции, да обезбеди квалитетни и ефикасни услуги за развој на бизнисот. При тоа, посебен акцент се става на паметниот раст, односно на посветеноста на пошироката заедница за поддршка на процесите за креирање на иновациска и конкурентна средина врз основа на новосоздадена вредност, а не врз основа на ниските трошоци на работната сила, што на долг рок ќе го спречи одливот на мозоци и ќе овозможи зголемување на асорпциониот капацитет на бизнис и истражувачките заедници за употреба на постојните технологии и развој на нови.

**П2.С1.М1. Јакнење на постојната и развој на нова инфраструктура за деловна поддршка**

Услугите за деловна поддршка се услуги кои имаат за цел да ги помогнат претпријатијата или претприемачите, успешно да ги развијат своите деловни активности и ефективно да одговорат на предизвиците на новото време. Вообичаено, овие услуги се применуваат во различни фази од животниот циклус на претпријатието: едни се однесуваат на почетокот, кога претпријатието почнува со работа, други се неопходни во периодот на развојот на фирмите, трети кога бизнисите имаат потреба од поддршка за излез на странските пазари. Истите придонесуваат како за јакнење на секоја поединечна фирма, така и за конкурентноста на целокупната економија на Градот.

Креирањето на развиена инфраструктура за деловна поддршка ќе биде покриено со повеќе мерки и активности:

- ✓ Мапирање на постојните институциите за деловна поддршка со цел концентрирање на сите потребни информации од интерес на МСП на територијата на Градот, преку креирање на Градски бизнис портал - „Бизнис навигатор“ – со база на податоци за: сите услуги кои се нудат во регионот, финансиски и нефинансиски, за проекти кои се во интерес на МСП и/или се реализираат во партнерство со бизнис секторот и фирми на територија на град Скопје;
- ✓ Јакнење на постојната и креирање на нова современа и модерна градска и регионална деловно-техничка инфраструктура за поддршка на малите и средни претпријатија преку воспоставување на нови форми на соработка на институциите за деловна поддршка и промовирање на нови партнерски и иновативни форми на соработка на Град Скопје со истите,
- ✓ Соработка со постојните индустриски и економски зони на територија на скопски плански регион

**П2.С1.М2. Развој на поволно финансиско опкружување**

Град Скопје, по примерот на повеќето европски градови треба да обезбеди поддршка за воспоставување на нови иновативни форми и инструменти за подобрување на пристапот на компаниите до финансиски услуги, да обезбеди амбиент за полесен пристап до поволни кредитни линии за инвестиции, иновации и интернационализација, како и да промовира и поттикнува користење на нови финансиски инструменти и финансиски продукти.

Во таа насока и во наредниот период Градот ќе презема активности за:

- ✓ Подобрување на пристапот на компаниите до финансиска и нефинансиска поддршка и поголема промоција на истите,
- ✓ Поголема промоција на нови финансиски инструменти: концептот на јавно приватно партнерство, инвестициски мрежи и платформи за наоѓање партнери и сл. При тоа, особено внимание ќе се посвети на голема промоција на концептот на јавно – приватно партнерство и вклучување на приватниот сектор во финансирањето на проектите за забрзан локален развој, со истовремено зголемување на квалитетот на услугите;
- ✓ Промоција на <u>алтернативните финансиски инструменти</u> (финансискиот лизинг за купување на нова опрема, факторингот како финансиски инструмент за обезбедување на обртен капитал и ликвидност, франшизата како начин на работа со кој се купува веќе развиен и оперативен деловен концепт, бизнис ангелите, приватните фондови за вложување во сопственички капитал).

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Развој на економија базирана на знаење, иновации и квалитет**

Една од поставените цели на Европа 2020 е Европската унија да стане „Иновативна унија". Иновациите се предуслов за планираниот економски раст и предвиденото зголемување на деловната конкурентност. Таа, како никогаш до сега се концентрира на финансирање на целосниот „иновативен синџир", од научни откритија до воведување на иновациите и патентите во работењето на фирмите. При тоа, Комисијата, нагласувајќи ја важноста на пристапот оддолу кон горе, се фокусира на улогата на градовите, како основни „иновативени екосистеми", кој ги поврзува граѓаните, јавните организации, академските институции и деловните субјекти. Во наредниот период градовите, како мотори на европската економија, ќе треба да покажат дека ја следат сеопфатната стратегија која што е:

- ✓ Иновативна – во однос на концептите, процесите и алатките,
- ✓ Инспиративна – со цел да привлекува таленти, финансирање, инвестиции и граѓанско учество и ангажман,
- ✓ Интегрирана – која покажува врски со целите на Стратегијата Европа 2020, односно паметен, одржлив и инклузивен раст ширум Европа,
- ✓ Интерактивна – која гради заедница на иновација во рамките на градот, како и со другите градови во Европа.

Во контекст на паметниот раст, Европската Комисија на националните, регионалните и локалните власти им препорачува <u>развој на стратегии за паметна специјализација на секоја локална заедница</u>. Во таа насока, Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје предвидува мерки и активнсти за зголемување на капацитетот за иновации, преку поттикнување и зајакнување на врските помеѓу бизнисите и истражувачките институции, со цел за олеснување на тековите на знаењата во економијата.

При тоа, мора да се има предвид дека Македонија е мала неинвентивна економија, со слаби можности за развој на иновации, дури и слаб капацитет за приспособување на глобалните иновации на локалните индустриски околности. Состојбите не се многу поразлични и во Градот. Град Скопје се уште нема изграден капацитет за стимулирање и поддршка на иновациите, вклучувајки ја тука и социјалната иновација. Така, според австралиската Агенција за иновации „2thinknow" на листата на иновативни и инвентивни градови за 2013 година, Градот Скопје е на последното место.

За надминување на ваквата состојба Градот мора да работи на:

**П2.С2.М1. Унапредување на деловните иновации и поддршка на иновативните компании**

Подобрувањето на вкупната деловна клима за поддршка на истражувањето и развојот, као и за подобрување, поттикнување и промовирање на иновациите, претпоставува пред се:

- ✓ дефинирање на нови форми за дисеминација на информации за програмите за поддршка на деловните иновации и поддршка на иновативните компании и промоција на финансиските инструменти на новоснованиот Фонд за иновации и технолошки развој,
- ✓ Иницирање и поддршка на иновативни партнерства меѓу универзитетите и истражувачките институции на територијата на град Скопје, од една страна и компаниите од друга страна, со цел поттикнување на соработката на науката и бизнисот, во насока на промовирање на локалниот економски развој заснован врз нови технологии и иновации. Градот треба да најде модел за стимулирање на соработката на универзитетите и институциите кои се занимаваат со истражување и развој, со трговските друштва и пазарот, односно меѓу научниците, стручните работници, младите таленти и претприемачите, и да иницира формирање на нови капацитети за поддршка на истражувањето и иноваци: иновациски центри, центри за трансфер на технологија, научно-технолошки паркови, центри на извонредност, центри за информациски и комуникациски технологии и сл.
- ✓ Комерцијализација на иновациите и поттикување на соработката меѓу бизнисот и истражувачките центри и академијата, со цел потенцирање на потребата од насочување на истражувањата, во насока на обезбедување на подобрени бизнис практики и комерцијализација на новите иновативни решенија.
- ✓ Поддршка на процесите на хоризонтално и вертикално поврзување и соработка на фирмите на територијата на Градот и формирање на регионални кластери со цел забрзан развој, економичност во набавките и зголемување на продажбата, проширување на знаењето и создавање поефикасна работна сила, како и взаемни иновативни решенија за заеднички настап на меѓународниот пазар, заедничка промоција и друго.

  Овие квалитети на кластерингот сеуште треба да се развиваат. Град Скопје, со посебни мерки треба да ги поттикнува процесите на јакнење на свеста за потребата од кластерско поврзување и формирање на регионални деловни кластери.
- ✓ Обезбедување на институционална поддршка за унапредување на носечките индустрии: метало-преработувачката индустрија, информатичката, прехранбената и автомобилската индустрија, градежништвото и другите индустриски сектори, со цел унапредување на овие дејностите кои можат да делуваат како „полови на развојот“ и да го забрзаат развојот на голем број мали и средни претпријатија (sub-contracting),
- ✓ Вклопување на димезијата „Дигитално општество" со цел дополнително зголемување на соработката за економски и социјален развој во град Скопје и искористување на целокупниот потенцијал на информатичките и комуникациските технологии во процесот да се поттикне иновативноста, економскиот раст, регионалната конкурентност и да се подобри квалитетот на животот.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Регионализација и интернационализација на бизнисот**

Во современи услови, процесите на регионализација и интернационализација најчесто се поврзуваат со регионализацијата и/или интернационализацијата на производството и услугите на фирмите, создавање стратешки партнерства и воспоставување на деловни врски со странски компании. Факт е дека со развојот на новата информатичка технологија, овој процес ја добива можноста за негова интензификација и во доменот на бизнис секторот.

Моменталната состојба укажува на потребата, Градот Скопје да преземе посериозни активности во овој процес на интернационализацијата на производството и глобализација на пазарите за фирмите од територијата на Градот, како и да ги насочи своите активности на

промоција на територијата на град Скопје, како атрактивна дестинација за домашни инвестиции и привлекување на странски директни инвестиции. Тука, пред се, станува збор за прифаќање на определени модели на поголема вклученост во активностите за позиционирање на фирмите на регионалните и меѓународните пазари, како што се: извоз, франшиза, менаџмент - контакти, супконтрактирање, создавање на „Joint Venture“ итн. од една страна, но и креирање на амбиент во кој Градот ќе се позиционира како атрактивна локација за влез на СДИ.

**П2.С3.М1. Поддршка на извозот и пристапот до странските пазари**

Една од најважните карактеристики на малите и средни претпријатија е јакнењето на нивниот иновативен потенцијал и способноста на истите да ги усовршуваат и подобруваат нивните производи и услуги и/или да креираат нови производи и услуги, со цел стекнување конкурентни предности на домашниот и на странскиот пазар. Поддршката на извозно ориентираните компании и пристапот до странските пазари, пред се, на извозно ориентираните, иновативните и брзорастечките претпријатија, со цел подигање на конкурентските предности на истите и истовремено креирање конкурентна економија на град Скопје.

Реализацијата на оваа цел подразбира превземање на низа активности и мерки за поттикнување на извозната насоченост на бизнисите, како и прифаќање на различни модели за позиционирање на странските пазари, како што се:

- ✓ Продлабочување на соработката на Град Скопје со збратимените градови, во делот на соработката на институциите за поддршка на бизнисот и формирање на Мрежа на градови-партнери во бизнисот, во функција на поддршка на институциите за поддршка и развој на МСП во делот на преземање на промотивни активности (поддршка на фирмите за заеднички настап на целните пазари, презентација, заеднички настап на саеми, специјални презентации и/или бизнис форуми, изработка на промотивни материјали и сл.);
- ✓ Промоција на град Скопје и економијата на градот, во насока на подигнување на свеста и познавањата на странските потрошувачи за нејзиниот „добар имиџ”;

**П2.С3.М2. Промоција на инвестиции од домашни извори и привлекување на странските директни инвестиции**

**Промоција на инвестиции од домашни извори и привлекување на странските директни инвестиции** и обезбедување на поволна бизнис клима за сите инвеститори кои ја дефинирале Република Македонија, пред се, територијата на град Скопје, како пазарен таргет. Во таа насока треба да се даде предност на промовирањето на растот на инвестициите од домашни извори, но и на програмите за промоција на инвестиционите можности на град Скопје, пред странските директни инвеститори. Во рамките на оваа конкретна цел се подвлекува важноста на следните мерки и активности:

- ✓ Мапирање на локации за домашни и странски инвеститори и изработка на Регионален водич за инвестирање;
- ✓ Програми за промоција на град Скопје, за влез на странски и домашни инвестиции;
- ✓ Дефинирање на Програми за промоција на фирмите – подизведувачи, но и на супконтрактингот како можна форма на соработка;
- ✓ Преземање промотивни активности, за создавање добар имиџ за град Скопје и неговото стопанство, преку организирање на специјални презентации, „road-shows“, изработка на промотивен материјал, и сл.;
- ✓ Промовирање на јавно-приватни партнерства за поттикнување на инвестициите;
- ✓ Изработка на Инвестициски веб-портал со целосни информации за сите релевантни аспекти на економијата на град Скопје, но и на македонската економија - институционални, законски, процедурални и административни,

технички стандарди, поволности, слабости, статистички показатели, маркетиншки информации за елементите и специфичностите на побарувачката итн.;

### п2.с3.М3. Зголемување на квалитетот на туристичката понуда

Туризамот преставува најголема индустрија во светот и е моќен стопански сегмент за развој на една економија. Ефектите од овој сектор се повеќекратни и се изразуваат, пред се, во пораст на девизните приливи, во подобрување на платниот биланс, во креирање нови работни места, како и во зголемување на инвестициите и приливот на странскиот капитал. Туризмот, како најбрзо растечки сектор и најголем побарувач на работници, покрај постојните напори, треба да има обезбедена поддршка од Градот, со цел да се зголемат инвестициите во секторот.

Скопје како главен град на Република Македонија, освен тоа што е административен, културен, стопански и образовен центар, истовремено е и туристички центар. Во Стратегијата за развој на туризмот на Град Скопје се дефинирани приоритетите за планско и систематизирано имплементирање на активности од областа на развојот на туризмот, со цел Градот да стане препознатлива атрактивна туристичка и бизнис дестинација, со модерен, квалитетен и конкурентен туристички производ на европскиот туристички пазар.

Во моментов, Скопје располага со најголем дел од основните претпоставки за развој и јакнење на конкуреноста на Градот, како туристичка дестинација и со мали вложувања и организациско-технички подобрувања на меѓусебно условените и поврзаните културни и туристички оператори, може да понуди уникатен туристички производ и да прерасне во уникатна туристичка дестинација, која нуди врвно дестинациско искуство за туристите и/или за претставниците на бизнис заедницата и инвеститорите. За таа цел Градот мора да развие повеќе програми за континуиран развој на инфраструктура за поддршка на туризмот т.е.:

- Подобрување на структурата на сместувачките капацитети како еден од најважните фактори во развојот на туризмот и јакнење на квалитативните и квантитативните карактеристики на сместувачките капацитети во голема мерка, зголемување на обемот и динамиката на престој, должината на престој, туристичката потрошувачка и степепот на задоволство на посетителите од туристичкиот престој,
- Подобра дисеминација на информации за културната и туристичката понуда на градот – ИТ–платформи, инфо киосци и друго,
- Развој на синџири на вредности на туристичкиот производ и креирање на регионален кластер за туризам,
- Дефинирање на систем на приватно сместување, како нов квалитет на туристичката понуда во градот и др.

Во последните години, покрај масовниот туризам се повеќе внимание се посветува на другите специфични видови туризам кои вклучуваат и многу специфични претпоставки и мерки за развој и се можност за развој на конкурентна туристичка понуда на секој Град и регион. Така, градот Скопје има добра основа за диверзификација и развој на нови туристички производи и услуги и развој на повеќе селективни форми на туризам:

- <u>конгресен и деловен туризам</u> – за што веќе постои добра основа (добра сообраќајна поврзаност, саем, голем број хотели, соодветни простор за организација на настани, професионални институции за организирање на настани и др.),
- <u>транзитен туризам</u> – што е резултат на добрата гео-стратешка позиција на Скопје на Коридорот 10 и потребата транзитните туристи да се задржат минимум еден ден во Градот,
- <u>културен туризам</u> – со цел промоција на богатото културното и градителско наследство, како и археолошките знаменитости на град Скопје,
- <u>верски и екотуризам</u> - со цел да се искористат можностите што ги нудат излетничките места во околината на Градот - Скопска Црна Гора, Матка, Водно и другите, како и многуте манастири и други верски објекти во градот и околината,

- алтернативни форми на туризам (рурален, спелеолошки, ловен и др.), - како посебно дефиниран туристички производ за викенд туризам во селата, кои се на територијата на град Скопје и во поблиската околина, како специфични видови туризам кои може да ги понудат Матка, националниот парк Јасен и резерватот Катлановско Блато,
- урбан вински туризам - со цел креирање посебна урбана винска тура во винариите во Градот и неговата околина,
- дестинациски туризам - развивање на имиџ на дестинација за специјални меѓународни настани ( спортски, културни, музички )
- здравствено-рехабилитациски - кој е се поактуелен по отварањето на повеќе приватни здравствени установи во Градот,
- спортски туризам - кој треба да ги стави во функција постојните спортски капацитети во околината на Скопје.

**П2.С3.М4. Промоција на корпоративната и општествена одговорност како услов за зголемена компетитивност на бизнис секторот**

Главна улога на Град Скопје за развивање на општествено одговорни претпријатија (ООП) во градот е создавање на поволен амбиент за ООП што промовира раст, социјална инклузија и оддржливост.
Градот ќе обезбеди поддршка за поголема промоција на практиките и политиките на ООП во главните текови, во рамките на делувањето на различни чинители за ООП: општата јавност и медиумите, претпријатијата, граѓански организации и владини институции.
Активностите на Град Скопје ќе бидат насочени кон:
- Зголемување на јавната свест за концептот и придобивките од ООП,
- Развивање на капацитети и знаења на клучните чинители за ООП,
- Создавање на поволна околина за развој на ООП.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4. Развој на културни и креативни сектори**

Во последнава деценија, во Европа и во светот се повеќе се говори за важноста на културните и креативните индустрии. Визуелните и изведувачките уметности, филмот, телевизијата, музиката, мултимедијалните производи, издаваштвото, архитектурата, дизајнот и низа други применети дисциплини силно влијаат врз нашето секојдневие и ги обликуваат нашите вредности, идентитет и аспирации.

Но, покрај нивната важност за изразување и збогатување на културната разноликост на едно општество, овие индустрии се и еден од најдинамичните економски сектори. Културните и креативни сектори можат да придонесат кон економски растеж, да создаваат нова материјална вредност и да отвораат нови работни места. Инвестирањето на развиените земји во овие сектори им носи огромни резултати, како во поглед на негување на културните вредности, така и во вкупниот економски развој. За да се поттикне развојот на овие културни сектори ЕУ ќе обезбеди финансиска поддршка преку програмата Креативна Европа преку која ќе треба да се обезбеди остварување на долгорочните цели на Европа 2020.

Со оглед на комплексноста на културните и креативните сектори, од суштинско значење е да постои слоевита стратегија и холистички пристап на локално ниво, со цел целосно да се искористи постојниот потенцијал. За ефективен развој на културните и креативните сектори потребно е спроведување на голем број активности:

**П2.С4.М1. Јакнење на капацитетите на Центарот за креативни индустрии**

Согласно Стратегијата за развој на културата за периодот 2012–2015 година и определбите за поттикнување на креативните индустрии, во Градот е формиран Центар за креативни индустрии што треба да обединува повеќе сегменти: архитектура, дизајн,

визуелни уметности, видео игри, ТВ продукција, ИТ технологија, изработка на компјутерски софтвер, маркетинг, екологија, културно наследство и др.

Инфо-центарот на проект-платформата за разој на креативните индустрии „Скопје Креатива“ успешно го реализира Фестивалот „СКОПЈЕ КРЕАТИВА“ со цел, популаризирање, анимирање и инволвирање на целиот креативен потенцијал на уметници, индивидуалци од една страна и компании, фирми и правни субјекти од друга страна кои даваат особен придонес за развојот на креативната индустрија во нашата метропола.

Програмата на Центарот што се планира за наредните години се состои од следните активности:

- Анализа и мапирање на потенцијалните уметници, индивидуалци, компании кои творат во областа на креативните индустрии во Скопје,
- Анализа и мапирање на алтернативни простори за работа на креативните индустрии,
- Создавање унифицирана база на податоци од областа на креативните индустрии во Скопје,
- Создавање совет на платфромата и фестивалот „СКОПЈЕ КРЕАТИВА“,
- Реализација на едукативни и промотивни активности во рамките на програмата за развој на креативните индустрии, преку работилници, семинари за различни таргетни групи, изработка на промотивни спотови, веб страна, промоција на стручна литература за креативните индустрии.

### П2.С4.М2. Вмрежување во платформи на регионално и меѓународно ниво

Градот Скопје е член на Мрежата на креативни градови ( 2010год. ), но вкупната перцепција на културните и креативните сектори, како двигатели на развојот во Република Македонија е во многу рана фаза. Слична е состојбата и во поширокиот регион на ЈИЕ. Ако се земе предвид потенцијалот што овој сектор го нуди, иститот треба да стане дел од националните политики и да добие поголема институционална поддршка. Со оглед на комплексноста на културните и креативните сектори и различните нивоа на развој во земјите од Југоисточна Европа, од суштинско значење е да постои слоевита стратегија и холистички пристап на регионално ниво, со цел целосно да се искористи постојниот потенцијал.

За ефективен развој на културните и креативните сектори потребно е спроведување на голем број активности на различни нивоа, особено на локално ниво. Градовите и општините во Југоисточна Европа, на база богато културно наследство кое долго време е жариште на талент и креативност - од кои двете се основните состојки за развој на културните и креативните сектори, може да има добивка од хармонизиран регионален пристап. Ако стратешки се негуваат креативните индустрии во градовите во регионот на Југоисточна Европа, ќе се помогне и поттикне развојот на туризмот, растот на малите и средните претпријатија и претприемништвото, а во крајна линија ќе го подобри бизнис окружувањето во регионот. Оваа димензија на „културните и креативните сектори" пред се, игра клучна улога во создавање и промоција на регионален бренд и секако брендирање на градовите. Градот Скопје во наредниот период планира:

- ✓ Поддршка на локалните фирми од секторот на креативни индустрии во ново формираниот регионален инкубатор за дизајн, врз основа на мрежата за дизајн составена од релевантни учесници од регионот на ЈИЕ.
- ✓ Вмрежување и соработка со други фестивали и платформи на регионално и меѓунардоно ниво, што е од особено значење на глобален план и промоција на нашата метропола и држава.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: Промоција на претприемништвото

Негувањето на претприемничкиот дух кај европските граѓани е темелот на Актот за мали претпријатија за Европа (АМП). Истиот претпоставува спроведување цел опсег

програми за професионална ориентација и кариера на идните претприемачи, за да се поттикнат луѓето од различни возрасти и потекло да го доживуваат претприемништвото како постојна можност.

Создавањето на претприемничко општество и креирање на услови за развој на претприемничка култура и свест кај секој поединец и општеството во целина е основ и за повеќето активности предвидени во Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје. Така, планирано е и во наредниот период да се работи во насока на поголемо ослободување на приватната иницијатива и афирмирањето на потребата за поттикнување и развој на претприемничката свест и култура.

### П2.С5.М1. Вклучување на претприемништвото во образовниот систем

Во повеќето замји во Унијата претприемништвото е втемелено во наставните планови за средното образование и се изработуваат национална стратегија и акциони планови за претприемничко образование во високото образование. Во дел од земјите-членки освен во средното образование, претприемничките вештини се вклучени и во наставните планови за стручното образование.

Во Република Македонија, како и во повеќето земји во транзиција, постои слабо приспособен систем на образование и обука, во кој образовните институции имаат проблем со справувањето со потребите кои се во пораст, но и бројот и разновидноста на целните групи. Една од причините за ваквата состојба е недостатокот на флексибилност и адаптибилност во структурите на овие институции и нивниот пристап кон промените. Образовните системи се уште се стремат да стават прекумерен нагласок на академското образование.

Токму затоа, Град Скопје предвидува да се направат измени во образовниот процес, со намера да се обезбедат можности за претприемачко образование на младите – идни претприемачи. Ваквата политика треба да создаде услови младите своите способности да ги преточат во активности и да се стекнат клучни вештини: креативно да размислуваат, да проценуваат и да преземаат ризици и да бидат иновативни. Во насока на реализација на планираното се предвидува:

- Основање на „бизнис инкубатори за млади" во кои младите би го развивале претприемничкиот дух, би се здобивале со знаење, доволно за развивање на процесот од идеја, до реализација на своите бизнис идеи, преку кои би се самовработиле, а би вработиле и други лица;
- Основање центри за започнување на кариера, кои ќе ги поддржуваат можностите на младите.

### П2.С5.М2. Промоција и поддршка на иницијативите за заедничко настапување и претприемачко здружување

Преку поддршка на мрежите на претприемачи, поголемата едукација за претприемништво, олеснување на мобилноста и размената на добри практики, Европа покажува колку сериозно му пристапува на предизвикот за застапување и промоција на претприемништвото. Така, во изминатиот период Унијата организира годишни настани во повеќето од земјите членки со цел промоција на претприемништвото, на резултатите на најдобрите МСП и претприемачи , но и на мрежите на институции носители на најдобрите решенија за поддршка на секторот.

Во насока на вклучување во европските трендови Град Скопје ќе продолжи со активностите за поддршка на:

- Европска недела на мали и средни претпријатија, настан со кој се прават напори вниманието на јавноста да се свртени кон претприемачите, со цел да се овозможи деловните луѓе да изградат значајни мрежи, да добијат конкретни информации за структурите за поддршка на МСП, но и да се оддаде признание на претприемачите за

нивниот придонес кон добросостојбата на заедницата , како креатори на работни места, промотори на иновациите и носители на процесот на зголемување на конкурентноста на Градот,

Покрај тоа, ќе се направат напори за поголема промоција на платформите за вмрежување и вклучување на малите и средни претпријатија од Градот, но и на институциите за деловна поддршка на истите во постојните мрежи на Европската Унија, пред се на Платформата за размена на добри практики, која е формирана со цел_меѓусебна размена и учење помеѓу креаторите на политиките, претставува клучен дел од напорите на Европа да го поттикне претприемништвото. Мрежата промовира претходно идентификувани примери за споделување одлични политики за МСП. Истата има збирка податоци со добри практики кои го илустрираат успешното применување на принципите од Актот за мали претпријатија. Збирката содржи преку 800 добри практики собрани преку учеството на земјите во изминатите 10 години. Истите можат да бидат добар пример кои, со модифицирање и прилагодување може да се применат на ниво на Градот.

### П2.С5.М3. Промоција на социјалните иновации и социјалното претприемништво

Најсеопфатната стратешка иницијатива на ЕУ до денес е Социјалната бизнис иницијатива (СБИ), промовирана во 2011 година, чија цел е зајакнување на развојот на социјалните претпријатија на целиот континент. Истата е дефинирана како важен дел од процесот на создавање единствен пазар, со поттикнување на претприемништвото и зајакнувањето на политиките за вработување, СБИ има за цел да креира низ цела Европа поволен екосистем за развој на социјалните претпријатија и социјалната економија воопшто.

Социјалната бизнис иницијатива препознава дека социјалните претприемачи се иноватори и двигатели на социјалната промена. Таа поседува мерки за подобрување на видливоста и признавањето на социјалните претпријатија, за поедноставување на регулаторната рамка и за подобрување на пристапот до финансиски средства за социјалните претпријатија.

Во Република Македонија во моментот се дефинира законската рамка за социјалните претпријатија. За наредниот период Град Скопје ќе работи на:

- Поголема промоција на социјалното претприемништво, со цел да ги стимулира граѓанските организации (ГО) да размислуваат за вклучуваање во активностите на социјално претприемништво,
- Стимулирање на иницијативите на социјалната економија преку јакнење на вмрежувањето и соработка за засилување на дијалогот, споделување на знаења и ресурси и воспоставување на кластери за развој на социјалната економија,
- Јакнење на капацитетите на администрацијата за дефинирање на иновативни форми на испорака на услугите, обезбедување дополнителен опфат на социјалните сервиси и услуги, мониторинг на работењето на социјалните претпријатија, во делот на квалитетот на испорачаната услуга и др.
- Промоција на концептот на социјално претприемништво и на добри практики и позитивни искуства во Европа.

## ПРИОРИТЕТ 3: ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата на животна средина и одржливото управување со природните ресурси е еден од приоритетите кои ќе придонесат за подобрувањето на квалитетот на живеење на граѓаните на градот Скопје. Една од главните цели на политиката за развој со заштита на животната средина е да се заштитат и подобрат физичките, хемиските и биолошките услови, како и да се редуцираат проблемите на животната средина кои се поврзани со загадување на подземните и површинските води, загадувањето на воздухот, почвата, зголемената бучава и отпадот во урбаната градска средина.

Градот Скопје, има изработено ЛЕАП, стратешки документ преку кој во голема мерка се идентификувани проблемите поврзани со заштита на животната средина, а воедно се утврдени и стратегијата и акционен план за решавање на истите. Мерките преземени во делот на заштитата на животната средина и нивно вградување во другите области обезбедува одржлив развој на различните сектори на ефикасен и економичен начин. Заштитата на животната средина и одржливото управување со ресурсите ќе влијае и на остварувањето на стратешките цели утврдени во останатите приоритетни области, посебно во делот на економијата, инфрастуктурата и здравството.

Дефинирани се три статешки цели кои ќе придонесат кон подобрување на квалитетот на животната средина во градот Скопје и ќе допринесат за искористување на природните ресурси :

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Заштита на животната средина и здравјето на луѓето**

Заштитата на животната средина и здравјето на луѓето кои живеат и работат во градот, возможно е да се оствари единствено со интегриран пристап и намалување на притисоците врз медиумите на животната средина кои секојдневно се остваруваат во градската средина при гравитација на голем број на жители и посетители.

Пред се секојдневното загадување на површинските и подземните води, е еден од основните проблеми со кои се соочуваат жителите и надлежните институции. Покрај постоечките законски обврски, не постојат континуирани мерења на квалитетот на отпадните води, непостоење на колекторски системи во сите делови на градот, ниту пречистителни станици, пред се поради недоволно финансиски средства, недоволна снабденост со неопходна опрема за авторизираната услужна администрација. Преку примената на интегриран пристап при управување со водите ќе се овозможи намалување на притисокот врз овој медиум на животната средина.

**П3.С1.М1**. Примена на интегриран пристап при управување со водите

Сегашната состојба на квалитетот на најголемиот број на површинските води во градот не ги задоволува законските барања. Како главни загадувачи се јавуваат: отпадната вода од домаќинствата, која што директно се испушта во реките и другите водотеци без никаков третмант за пречистување, потоа отпадните води од индустријата како и од животинските фарми кои егзистираат во руралните делови од општините од градот. Врз квалитетот на водите во општините од градот со руралните средини влијание имаат дифузните извори на загадување, како хемиски и органски ѓубрива употребени во земјоделството. Од посебна важност е да се спомене и влијанието на климатските промени. Клучен елемент во управувањето со отпадни води за смалување или елиминација на негативните влијанија врз водоприемниците и животната средина претставува пречистувањето на отпадната вода. Преку мерката за интегриран пристап при управувањето со водите дел од овие притисоци планирано е да се намали врз водата, како медиум на животната средина.

Здравјето на жителите во градот е сериозно загрозено поради лошиот квалитет на воздухот особено во зимските месеци. Подобрување на квалитетот на воздухот со превземање на конкретни активности е мерка која треба да допринесе за намалување на загадувањето на воздухот.

**П3.С1.М2**. Подобрување на квалитетот на воздухот со превземање на конкретни активности

Едно од основните начела и цели на управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух зацртано во законската регулатива на Република Македонија, во сите стратешки и други документи од областа на квалитетот на воздухот е заштитата на човековото здравје и

животната средина како целина од влијанието на емитираните загадувачки супстанци во воздухот. Дистрибуцијата на загадувачки материи во воздухот покрај другото зависи од метеоролошките прилики. Емисијата и нивото на загадувачките материи се во функција на следните климатски елементи и појави: температурата на воздухот, воздушните струења атмосферските талози, вода и влажноста на воздухот, светлост и инсолација .

Некои податоци од здравствената евиденција кај нас може да укажат на претпоставените влијанија кои загаденоста на амбиентниот воздух ги има кон одредена популација, пред сé кај децата. Така во информацијата на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, која се однесува за населението на град Скопје, дадени се некои индикативни податоци од здравствената евиденција за 2009 година.

Со интензивната урбанизација и значителното зголемување на обемот на сообраќај се повеќе се јавува потребата за зајакнување на административните и техничките капацитети во областа на управување со квалитетот на воздухот на локално ниво .За подобрување на квалитетот на воздухот во градот Скопје пред се неопходно е певземање на конкретни активности.

**П3.С1.М3**. Заштита на почвите преку подобрување на квалитетот на останатите медиуми на животната средина и интегрирано управување со отпадот

Структурата на почвата, како комплексен медиум има значајна улога во одредувањето на нејзините способности за изведување на нејзините функции. Најчести причинители за загрозување на квалитетот на почвата и земјиштето се загадените отпадни води, исталожените честички од загадувачките супстанции од воздухот, ерозијата, нерационалното користење на хемиски средства, сообраќајот, депониите, отстранувањето на отпадот на т.н. диви депонии, викенд населбите, објектите за производство на бетон, печатниците, авто - пералните итн. Мерките за заштита на почвите ќе се остварат пред се преку подобрување на квалитетот на останатите медиуми на животната средина и интегрирано управување со отпадот

**П3.С1.М4**. Идентификување на изворите на бучава и намалување на емисиите на бучава

Во градот Скопје како урбана средина најголем дел од бучавата е предизвикана од превозни средства во патниот сообраќај, од големиот број на угостителски објекти, градежните активности, големиот број на манифестации и бучава во отворениот простор предизвикана од инсталации и стопански дејности.

Евидентно е непочитување на законските регулативи од страна на угостителските објекти, кои се повеќе се прошируваат во рамки на стабени единици или поставуваат опрема на јавна површина.

Состојбата на сообраќајниот систем во градот Скопје, е специфична затоа што во голема мерка не одговара на основните принципи кои се земаат во предвид во современите градови. Имено таквите сообраќајни системи влијаат врз мобилноста на сообраќајната поврзаност на одделни делови на градот, бидејќи со намалувањето на брзината на моторните возила низ градските улици се троши повеќе гориво, а тоа повлекува ослободување на поголемата количина на загадувачки супстанци, но и застој и зголемена бучава.

**П3.С1.М5**. Континуирано подобрување на системите за управување со отпадот

Комуналниот отпад е составен од отпад од домаќинствата, од миењето на улиците и од отпадоци од паркови и зеленило, комерцијално - институционален отпад со карактер сличен на отпадот од домаќинствата. Само мал процент од отпадот од домаќинствата има опасни својства (батерии што содржат тешки метали и киселини, маслени бои и растворувачи и сл.). Градежниот отпад и шутот се резултат од изградба на објекти и

градежна инфраструктура, целосно или делумно рушење на објекти и градежна инфраструктура, уредување и одржување на патиштата. Според Планот за управување со отпад - Град Скопје (2009 - 2015), „количеството на отпад од градежништво и рушење создадено во 2008 год. се проценува на 117.000 - 127.000 тони.“ Тоа се заснова на проценето создавање отпад од 230-250 кг/жител/годишно и е проценето врз основа на информации од други земји. ЈП „Комунална хигиена“ Скопје известила за 15.000 $м^3$ инертен отпад исфрлен на депонијата „Дрисла“ во 2008 год додека „Дрисла“ прикажала дека во 2010 год. на депонијата се исфрлени само 130,52 тони отпад од градежништво и рушење, што налага дека постои проблем во работата со податоците на депонијата во поглед на категоризација на отпадот.

Стапката на создавање на отпад во Македонија е меѓу 253 и 313 кг/жител/година, а специфичната тежина на отпадот генериран од едно домаќинство изнесува од 112 до 127 $кг/м^3$ и околу 96 $кг/м^3$ комерцијален отпад од објекти. Мерката за континуирано подобрување на системите за управување со отпадот треба овозможи решавање на низа актуелни проблеми на територијата на градот.

**П3.С1.М6**. Спроведување на законските обврски поврзани со заштитата на животната средина

Спроведувањето на законските обврски поврзани со заштитата на животната средина може во голема мерка да допринесе до решавање на проблемите со загадувањето. Изработката и придржувањето до законската документациј како елаборатите за заштита на животната средина, интегрираните еколошки дозволи и низата други законски обврски се чекор напред кон заштитата на животната средина. Министерството за животна средина и просторно планирање го воспоставува и одржува единствениот Катастар за животна средина кој е составен дел на Информативниот систем за животна средина и кој го вклучува меѓу останатите и Катастарот на создавачите на отпад. Овој катастар содржи податоци за создавањето и постапувањето со отпадот односно собирање, селектирање, третман, преработка, складирање и отстранување на опасниот и неопасниот отпад од правните и физички лица кои се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржувањето на соодветниот катастар во согласност со прописите.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Одржливо управување со природните ресурси**

Одржливо управување со зелените површини како и Развивање на механизми за спроведување на заштита на биодиверзитетот ќе резултираат со подобрување на квалитетот на животната средина во градското подрачје.

**П3.С2.М1**. Одржливо управување со зелените површини

**П3.С2.М2**. Развивање на механизми за спроведување на заштита на биодиверзитетот

Мерките наведени во стратешката цел 2 се една од приоритетните области на делување.Вкупната зелена површина на Градот, за која е одговорно ЈП ”Паркови и зеленило”, изнесува 51.110.295$м^2$,од кои градското зеленило опфаќа површина од 3.784.295, а вонградско зеленило површина од 47.326.000. Јавното Претпријатие ”Паркови и зеленило” е најстаро претпријатие во земјава кое се занимава со зеленилото во сите негови видови и појавни облици. Прогласувањето на заштитени зони може да придонесе за подобрување на квалитетот на животната средина.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Ефикасно користење на енергија**

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2010 година, во Република Македонија, потрошувачката на електрична енергија изнесува 8.677.969 MWh од кои 83,6% се обезбедени од домашно производство, а 16,4% од увоз.

Во согласност со членот 129 од Законот за енергетика, политиката на енергетската ефикасност се остварува преку:

- мерки и активности за ефикасно користење на енергијата;
- донесување на програми и планови за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и нивно спроведување, како и
- преку исполнување на обврските на јавниот сектор во поглед на енергетската ефикасност и заштедата на енергија.

Во согласност со АПЕЕ за периодот од 2010-2018 година вкупната национална индикативна цел за енергетски заштеди од најмалку 9% од потрошувачката на финална енергија во земјата до 2018 година, во однос на просечната енергетска потрошувачка во земјата остварена во периодот 2002-2006, утврдувањето на потенцијалите за заштеда на енергија на единиците на локалната самоуправа е од особена важност градот Скопје преку примена на трите мерки :

**П3.С3.М1**. Поттикнување на користењето на обновливите извори на енергија

**П3.С3.М2**. Примена и поттикнување на практики за подобрување на енергетската ефикасност во јавниот сектор и приватниот сектор

**П3.С3.М3**. Воспостување на енергетски информациски систем на град Скопје со комуникациска стратегија за енергија

## ПРИОРИТЕТ 4: ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИТЕ КВАЛИТЕТИ И ФУНКЦИИ НА ГРАДОТ

### СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Одржливо користење на севкупниот градски простор

Одржлив урбан развој подразбира интегралност и комплементарност на развојните процеси, принципи, институции и политики, како на релација човек-природа така и во односот човек - човек и човек - општество, без загрозување на можностите, потребите и интересите на идните генерации. Тој подразбира општествена проценка на применетите технологии, развој на нови процеси, внесување на нови производи и услуги во согласност со принципите на економската ефикасност, социјална правда, политичка демократија, културен диверзитет и еколошка заштита.

Едновремено, одржливиот урбан развој претставува рамка за развој на основните градски функции. Усогласување на принципите на пазарната економија и одржливиот развој претставуваат рамка за пристапот дефиниран на конференцијата на ОН за развој и заштита на животната средина одржана 1992 година во Рио де Жанеиро во акционата програма наречена “Агенда 21”.Обврската за воспоставување одржливи урбани населби произлегува од усвојување на програмата Хабитат II. Оваа програма налага развој и унапредување на населбите и ефикасно користење на ресурсите, согласно можностите на екосистемите. Основните цели на програмата Хабитат II се фокусирани на: планирање на населби кое обезбедува заштита и унапредување на културното и природното наследство, унапредување на социјалниот интегритет на населбите, рационална експлоатација и заштита на природните ресурси, особено необновливите и т.н.

Во т.н. “Зелен документ за урбаната средина” се налагаат активности кои имаат за цел подобрување на квалитетот на урбаната средина:

- урбанистичко и просторно планирање,
- оптимално управување со индустрискиот и економскиот подем, потрошувачката на енергија и отпад,
- рационализација на градскиот сообраќај, вклучувајќи јавен градски сообраќај,
- заштита на историските вредности и зелените простори.

Основните елементи кои влијаат врз дефинирањето на принципите во планирањето на одржлив урбан развој, базираат врз:

- Изборот и проценката на локалитетот и идентификација на градските карактеристики,
- Големината и густината на изграденост на планерскиот опфат,
- Морфологијата на урбаната структура (височина на објекти, широчина на улици, осонченост, можности за проветрување), врската со природното окружување и процентот на зеленилото (создадено и автохтоно),
- Типологијата на архитектонските објекти, употребата на материјали, енергетската ефикасност и чувањето на локалниот-регионалниот идентитет, како и врските со споменичкото богатство,
- Односот помеѓу распоредот на урбаните функции и енергетскиот трошок за комуницирање и инфраструктурно сервисирање, процентот и дистрибуцијата на зелени и рекреативни површини во урбаниот модел, како и воведувањето на нова категорија, т.н. “урбано земјоделство”,
- Избалансираноста на демографската и професионалната структура на населението остварена со развој на мултифункционални, производни можности, но и можности за брза и соодветна преквалификација,
- Оценката на микро и мезометереолошките услови, кои може да се моделираат, т.е. рехабилитираат со помош на соодветна урбана реконструкција (промена на шемата на улици, височината на објекти, релокација, или ревитализација на индустријата, планирање на заштитни зелени појаси, биокоридори; подобрување на парковското и т.н. “мало” зеленило во централните зони, озеленување со “вертикалното зеленило” и изградба на “градежни озеленети бариери” на критичните точки кај сообраќајници и сл.),
- Вградувањето на еколошките принципи на природните науки и урбаната метеорологија при дефинирањето на врските на градот со неговото природно-ресурсно окружување,
- Зачувувањето на идентитетот на населбата изразен преку истакнување на неговите специјални топографски карактеристики, како и преку чување на урбаната меморија поврзана со споменичното богатство и типологијата на традиционалната регионална архитектура,
- Обврска на планерите и урбаните менаџери да ги следат сите урбани циклуси, да го рационализираат прашањето на ресурсите и енергијата по прагови на развојот (кои во урбаниот модел се изразито асинхрони) и да ја оптимизираат рециклажата на секундарните суровини.

### П4.С1.М1. Планирање на просторно урбанистички развој

Поголема покриеност на град Скопје со просторно-планска документација за планирање на урбаниот и другите сегменти од развојот претпоставува континуирана изработка и дополнување на просторната документација. Во наредниот период планирано е да се донесат урбанистички планови за сите четврти утврдени со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 год. како негова операционализација преку планска документација од пониско ниво, а тие треба да овозможат просторен развој, уредување и заштита на територијата на Градот Скопје. Овој вид на планови треба да овозможат да се оствари физичка, функционална, економска, естетска и кохерентна целина на секој дел од Градот (за секоја четврт) што ќе овозможи хуманизација на условите за живеење и работа,

ќе постави високи стандарди за задоволување на културните потреби и потребите за одмор, рекреација и здрава животна средина.

Генералниот урбанистички план на град Скопје е донесен 2012 година, како стратешки развоен план со општи елементи на просторниот развој и воедно основен документ за насочување и артикулација на функционалниот, содржинскиот, капацитативниот и обликовниот израз на Градот. Причините заради кои во наредниот период се пристапува кон изготвување на планска документација од пониско ниво се дефинираните потреби од:

- Планско усогласување на основниот документ за просторниот развој на Градот со промените во просторната матрица настанати со донесувањето на Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. а во согласност со новата општествено економска конфигурација и потребите на пазарното стопанство, односно реалните стопански и социјални побарувања,
- Преиспитување на актуелните развојни потреби на Градот и вградувањето на современи урбанистички и планерски принципи,
- Усогласување на планските решенија и поставки со одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и други релевантни закони и подзаконски акти, водење на урбани политики со синхронизирање на просторниот развој на Градот со развојниот концепт на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 год.

Економскиот развој и економските промени генерираат структурни промени во општеството, кои претпоставуваат создавање нови просторни односи, ја условуваат потребата од планска артикулација и имплементација на Генералниот урбанистички план на град Скопје преку изработка на планска документација од пониско ниво односно Урбанистички планови за четврти. Изработката на урбанистички планови за сите четврти е со цел правилното насочување на развојот на Градот во смисла на негова афирмација и социјална интеграција на неговите жители со унапредување на урбаната структура на Градот, насоченост кон излезот од културната маргинализација, економската неатрактивност, стопанската и сообраќајна неефикасност, унапредување на квалитетот на животната средина.

Предложените решенија ќе овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор која ќе резултира со повисок квалитет на условите за живот и работа на граѓаните, а ќе кореспондира со барањата и потребите за вклучување во интеграциските процеси во Градот. Општите урбанистички цели и задачи на плановите за четвртти ќе бидат резултат на оценките на сегашната состојба и проценката на идниот развој и се во насока на:

- Дефинирање на оптимален модел за рационална, функционална и хумана организација на просторот на четврт, во корелација со неговото опкружување,
- Оптимализација на структурата и функциите на четвртта во сообразност со условите и можностите на Градот и реална процена на физичките можности за идни интервенции во урбаното ткиво на Градот.
- Обезбедување на соодветна комплементарност на еколошките, економски, социјални и културни аспекти во планираниот развој на Градот,
- Рамномерен развој на содржини и функции, рамномерна просторна разместеност, потврдување и нивелирање на стопанските и нестопанските капацитети, интеграција на различни содржини доколку меѓусебно не се загрозуваат,
- Создавање на оптимална структура на производни дејности и сектори, и вклучување на еколошки преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација,
- Оптимално планирање на работни зони во четвртта ,
- Урбана реконструкција и обнова како модел на решавање на субурбаните простори и застарените индустриски комплекси во четвртта,
- Утврдување на влијанијата на пошироките просторни констелации од градско ниво,

- Организација на четврт која ќе овозможи рамномерен развој на општината на која и припаѓа како и на градот Скопје врз критериуми базирани на принципите на одржлив развој,
- Обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд;
- Дефирање на сообраќајниот модел на четвртта со оптимални решенија во минимизирање на временско - трошковната дистанца;
- Активитањето и ревитализацијата на простори погодни за развој на туризмот и угостителството,
- Заштита на историскиот идентитет на Градот,
- Усогласување на јавниот интерес за заштита на културното наследство и негово активно вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив развој,
- Планирање на заштита и развој на зеленилото, кое е длабоко врежано во градското ткиво, како и негување на градското зеленило;
- Зголемување на искористувањето на алтернативните извори за производство на енергија,
- Интегрирано управување со отпад и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот ,
- Воспоставување на институционален механизам за имплементација на планските решенија и соодветен мониторинг, како сегменти на континуирано планирање.

Урбанистичките планови за сите четвртти во Градот во согласност со нивниот карактер и улогата која ја имаат во системот на планирањето, ќе бидат извор на информации за сите сфери на развојот на Градот и основа за создавање на развојни програми, иницијативи и инструмент за стимулирање на јавниот интерес.

<u>Имплементација на Просторниот план на Скопскиот регион</u>

Релевантниот просторен план за градот Скопје, освен Просторниот план на РМ како највисок просторно плански документ, е Просторниот план на Скопскиот регион (нацрт) кој има задача да ги дефинира насоките, мерките и условите за обезбедување хармоничен, рамномерен и одржлив просторен развој на самиот Град во неговиот логичен регионален контекст. Тој преставува рамка за дефинирање на стратегијата и програмата за севкупниот развој на градот и општините во неговиот состав. Генералниот урбанистички план на градот Скопје веке представува сет на плански поставки кои се основа за меѓусебно усогласување на развојните интереси на управувачките структури, а во својата структура носи флексибилни концепти за организацијата и уредување на просторот, овозможува изработка на различни сценарија и модели, алтернативи пред донесување на конечни одлуки.
При тоа во функција на остварување на крајните цели се приоритетите:

- следење на состојбите и процесите во просторот, идентификација и укажување на проблемите,
- утврдување на механизми и инструменти за усогласување и координација на сите субјекти на просторниот развој,
- иницирање на изработка на мултидисциплинарни и научно-стручни анализи и студии за определени проблеми и подрачја,
- изработка на програми за економски развој на ниво и на Градот и на општини, со детални мерки и инструменти,
- изработка на програми за урбан развој на општините и изработка на урбанистичко-планска документација.

При поставувањето на оперативните цели и спроведувањето на мерки, треба да се земат предвид следните елементи: состојбата на постојната документација, институционален капацитет, екипираност на службите, нерамномерноста на просторниот развој, окружување и условеност, компаративни предности за развој.

Следење на имплементацијата – мониторинг на Просторниот план (на Скопскиот регион)

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за спроведување на Просторниот план на Републка Македонија, следењето на состојбите и промените во просторот и остварувањето на Просторниот план ќе се одвива согласно методолошкиот пристап утврден со Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план. Имено, реализацијата на Просторниот план на Р.М, кој претставува сеопфатен и интегрален стратешки документ за просторен развој, се остварува со негова разработка преку просторните планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови и друга документација за планирање и уредување на просторот.

Следењето на реализацијата на Просторниот план го обезбедува Министерството надлежно за работите на просторното планирање, преку Годишните извештаи за состојбите и промените во просторот, подготвени од изготвувачот на Просторниот план.

Годишниот извештај обезбедува увид во процесот на организација, уредување и управување со просторот, согласно Просторниот план на Државата и согледување на реализацијата на сите плански насоки и определби утврдени со регионалните просторни планови, со кои што се имплементира Просторниот план на Р. Македонија.

Врз основа на стручната оценка и согледување на реализацијата на определбите утврдени со Просторниот план, ќе произлезат препораки за непосредно спроведување и имплементација на планските поставки, преку изработка на Програма за спроведување на Просторниот план за период од најмалку две години (член 3 од Закон за спроведување на Просторниот план на Р. Македонија). Со Програмата се одредуваат мерки и активности од значење за спроведување на Просторниот план, приоритетните активности, организационата структура и органите надлежни за спроведување на Просторниот план, содржината и степенот на обработка на податоците и финансиските средства потребни за спроведување на предвидените активности.

### П4.С1.**М5** Дефинирање на перспективни зони за развој

Во континуирана изработка и дополнување на просторната документација на Градот и општините на територијата на град Скопје, треба да се посвети особено внимание на:

- Изработка на планска документација за подрачјата со специфични развојни потреби односно создавање на специфични економско-стопански зони во функција на нови инвестирања и вработувања (Визбегово, еко-зони, индустриски зони за лесна незагадувачка индустрија долж обиколницата и др.)
- Почитување на заштитените зони на извориштата (Рашче, Нерези-Лепенец, ) при носење на планските документации како и останатите заштитени зони (Водно, Гази Баба, Матка, Говрлево)

Планирањето на простор за изградба на зони со производна и услужна намена претставува предуслов за активирање на расположивата работна сила, а со тоа и промена во структурата на економските дејности.

За создавање поволен амбиент за алокација на економските дејности, неопходно е креирање на соодветна земјишна политика, со која ќе се овозможи пазарно вреднување и рационално користење како на градежното така и на земјоделското земјиште.
Врз основа на постојното ниво на развој, економската структура на дејности, спецификите на регионот во кој доминира градот Скопје како економски, сообраќаен, финансиски, трговски, културен, административен, научен центар и активирање на останатите развојни фактори ќе

се овозможи унапредување на активностите. Преку ревитализацијата на постојните производни дејности и отварање на нови индустриски капацитети, развој на трговијата и на други комплементарни дејности на индустријата, потоа преку развивање на градежништвото, сообраќајот, финансискиот сектор, трговијата, туризмот, занаетчиството, комуналната инфраструктура и дејностите на општествената надградба се унапредува функционирањето на економскиот и општествениот живот на сите жители на градот. Овие активности ќе креираат нови работни места, поголем доход и ефикасност во сите сектори на економијата, со непосредно влијание врз подобрување на условите за живеење на жителите, како во Градот, така и во приградските населби.

Просторна разместеност на стопанските активности

Просторната и развојна компонента на економијата на градот е детерминирана од постојниот обем и структура на стопански активности, нивната просторна разместеност, капиталот, трудот, знаењата, иновациите, развивањето на претприемничките способности на урбаното и рурално население.

Особено е важно воведување  на една нова алатка: критериум на територијална привлечност  (од Територијална агенда на ЕУ), кој е базиран на територијалните капитали, а кои вкрстени со утврдените приоритети овозможуваат одредување на ниво на атрактивност на одреден простор. Овој систем треба да се практикува при донесување на соодветни аргументирани одлуки во функција на одржливиот економски развој на Градот.
Основната определба на разместувањето на економските активности во просторот, е нивно лоцирање приоритетно во веќе формираните економски зони, или во зони каде постојат можности за соодветно проширување доколку инфраструктурата тоа го дозволува.
За остварување на оптимална просторна организација на економските дејности се поаѓа од поставките за:

- Рационално користење на постојните површини со производна и услужна намена,
- Завршување на процедурата на усвојување на веќе изработената урбанистичка планска документација (во периодот до Усвојување на Предлог Просторниот план на Скопскиот регион),
- Изградба на инфраструктура до и во рамки на планските опфати на економските зони, утврдени со валидна урбанистичка планска документација,
- Постојните локации наменети за производни дејности, во кои егзистираат застарени производни капацитети, врз основа на заеднички интерес (јавен и приватен) да се трансформираат во еколошки поприфатливи и економски попродуктивни,
- Новите простори наменети за економски дејности (производни и услужни) да се градат согласно одредбите на Просторен план на скопскиот регион, соодветната законска регулатива и развојната политика заснована на економски оправдани урбанистички решенија.

За интегрален економски развој и кохезија на целиот простор на Градот Скопје, со неговото непосредно опкружување врз одржливи основи, потребно е да се воспостави и обезбеди перманентна кооперација на локалната и националната власт, бизнис заедницата, населението и невладиниот сектор со цел зголемување на инвестициите, отварање на нови работни места, како услов за економски раст и подобрување на економската положба на граѓаните.
Дистрибуцијата на стопанските активности фокусирана на индустријата е во:

- Западната индустриска зона,
- Североисточна индустриска зона,
- Југоисточна индустриска зона,
- ТИРЗ “Скопје” 1, ТИРЗ “Скопје” 2
- Зона “Рафинерија”.

Со цел да се привлечат странски ИТ-компании, во рамките на просторот на ТИРЗ Скопје 2, во тек се подготовки за формирање на слободна ИТ-зона која ќе биде наменета за компании кои нудат услужни дејности (БПО-Бусинесс Процесс Оутсоурцинг и др.) и за компании од ИТ-индустријата. Овие компании ќе може да ги искористат поволностите што важат во технолошко-индустриските развојни зони.
Градот Скопје, односно повеќето од општините, го засноваат економскиот развој на обезбедување соодветен простор за инвестиции во индустриски и други облици на развојни дејности (туризам, домување), кои го уредуваат со деталните урбанистички планови. Трендот на постојано зголемување на локалните приходи и расходи како % од БДП е индикатор на зголеменото влијание на општините во севкупниот раст на економијата на градот, поради реализирањето на јавните инвестиции во локалната инфраструктура.

Со Просторниот план на Скопскиот регион се предвидува урбанистичко дефинирање со соодветна урбанистичка документација на новопредложените простори со стопанска намена за лоцирање на стопански капацитети, а тоа се :

Општина Гази Баба - просторот околу обиколницата

Општина Кисела Вода – просторот кон Драчево, Зелениково

Општина Ѓорче Петров – просторот околу обиколницата

Општина Сарај – во рамките на урбанистичките планови на населените места Кондово и Сарај

Качанички пат – просторот долж сообраќајницата (Визбегово)

**П4.С1.М3. Промовирање на зелена инфраструктура**

Определбата за квалитетен просторно урбанистички развој на град Скопје претпоставува повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини и обезбедување просторни податоци за обемот и видот на зеленилото. Имено, досегашната состојба со зеленилото во градот, укажува на потребата од негова обнова и реконструкција. Тоа во прв ред се однесува на дрворедите, на старите насади во парковите, како и на сите оние површини од кои треба да се отстранат пропустите и недостатоците направени во еден подолг временски период. Градот Скопје ќе ги продолжи започнатите активности за изработка на Зелениот катастар. Овој документ ќе биде основа за унапредувањето на јавните зелени урбани површини со оглед на фактот што зеленилото, покрај функционалните, рекреативните, амбиенталните и социјалните функции, придонесува подеднакво кон намалувањето и адаптирањето на климатските промени. Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, а со крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели.

Наводнувањето на зелените површини треба да се изведува преку бунарски системи, според постоечкиот проект од 1997 година, кој предвидува копање-бушење и ставање во функција на 63 бунари. Бунарите треба да се користат исклучиво за наводнување на зелените површини, како и обезбедување техничка вода за други потреби.

**Редовно одржување на јавното зеленило**

Редовното одржување на зеленилото на подрачјето на Градот, подразбира одржување на парковското, булеварското и вонградското зеленило, согласно потребната динамика и утврдените стандардни и биотехнички нормативи и претпоставува реализацијата на сите активностаи за редовно одржување на јавното зеленило , подигање на нови јавни зелени површини и реконструкција на деградираното зеленило и тоа:

- одржување на јавното зеленило на подрачјето на Градот т.е.

- Обновување, реконструкција и хортикултурно дооформување на Градскиот Парк, и другите зелените парковски површини - реонски парк “Кале” , Парк на толеранција, кеј на р.Вардар од двете страни,
- изведба на хортикултурно уредување на средишни разделни жардинери,
- обновување на дрворедните садници долж сообраќајниците, како и
- редовно одржување на зелените површини во Градот, од значење за рекреација на граѓаните - шумските комплекси (парк-шума Водно, карактеристичен пејсаж Гази Баба, заштитно зеленило на локалитетите Зајчев рид и Француски гробишта ) и рекреативните центри (СРЦ Езеро Треска и СРЦ Сарај).

- Подигањето на нови јавни зелени површини и/или реконструкција на постојните деградирани при изградба на објекти од комуналната инфраструктура ( изведувач Град Скопје ),
- Подигање на ново зеленило на површини каде што постојното зеленило ја надминало својата физиолошка зрелост, како и облагородување на просторот на кој се настанати диви депонии и простор кој е неискористен и хортикултурно неуреден.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Јакнење на идентитетот на град Скопје**

Имиџот и идентитетот на град Скопје е изграден врз неговата уникатна понуда. Треба да се најде соодветен начин истиот да се промовира како успешен економски и културен центар, како Град кој е уникатна колекција на посебности, ресурси, вештини и пристапи кои го прават многу поразличен од другите. Светското искуство покажува дека културата се повеќе и повеќе станува многу важен контрибутор во ревитализацијата на градовите.

Успешните градови имаат богата и различна културна понуда, која пак го подобрува квалитетот на живеење, и ги прави градовите привлечни и посакувани места за живеење, работа и посета. Големиот ранг на сектори, кои спаѓаат во доменот на културата, како што се: уметност, културно наследство, спорт, забава, туризам, природни богатства, креативни индустрии, се креатори на посебностите кои пак влијаат врз успешната промоција на секој град.

**П4.С2.М1. Брендирање на град Скопје**

Во поново време, брендот претставува предуслов за успех и развој на градовите, регионите и државите на глобален план, а истовремено и начин на комуницирање помеѓу производителите и нивните целни групи на комерцијален план.

Концептот и процесот на брендирање на град Скопје треба да содржи маркетинг активности, унапредување и развој на Градот. Најефикасното брендирање на градот треба да го опфаќа дефинирањето на идентитетот на местото и разбирањето за најзначајните предности. Затоа, Град Скопје треба да организира:

- <u>Кампања за планирање на неговата препознатливост</u>, како процес на дефинирање и креирање на вредности кој треба да се промовираат, и
- <u>Работилници за брендирање на Градот</u>, со што би се овозможило негово отварање, развој и комуникација на сите негови предности и атракции со светот, но и ќе се создаваат дополнителни вредности кои треба да иницираат подобри финансиски резултати за локалната заедница.

**П4.С2.М2. Економска и туристичка валоризација на културното наследство**

Културното наследство игра значајна улога во формирањето на чувството за идентитет на секоја заедница. Тоа ги обединува луѓето околу заеднички вредности и им овозможува да ја споделуваат колективната историја. Затоа, во современиот свет на глобализација и брз технолошки развој, меѓународната заедница вложува огромни напори за

зачувување на светското културно наследство, воведувајќи меѓународно дефинирани процедури и постапки преку кои се повеќе се менува пристапот кон заштитата на културното наследство. Така, се повеќе преовладува пристапот што наследството го дефинира како своевиден израз на човековиот развој. Министерството за култура презема активности за конзервацијата и реставрацијата на архитектонското наследство, што придонесува за поголем степен на заштитата на градителското наследство и неговата природна околина. Соодветната заштита и управување може да прерасне во извор на понатамошен економски развој на пошироката заедница.

Заштитата на културното наследство е во согласност со стратешките определби на Министерството за култура и се планира да се реализира преку проектите за конзервација и реставрација на сакралното и профаното културно наследство, согласно Стратешкиот план за зачувување и рехабилитација на споменици на културата. Министерството за култура преку надлежните институции има предвидено финансиски средства за наредниот период, во кој, дел од постојните објекти кои се на територијата на Градот треба да влезат во приоритетната програма, со оглед дека претставува "лична карта и на Скопје и на РМ".

Поради големото значење, посебно внимание ќе биде посветено на целосната заштита, реставрација и конзервација на:

- Скопскиот аквадукт, за кој веќе е изготвен елаборат за негова валоризација, како и предлог за прогласување на културниот предел за културно наследство од историско значење. Со средства обезбедени од Проектот „Љубљански процес 2" и Министерството за култура, Националната установа Конзерваторски центар-Скопје како надлежна установа за заштита на културното наследство, веќе се вршат археолошки истражувања на Аквадуктот. Истовремено се вршат и геотехнички истражувања, хемиски и други анализи на каменот, статиката, динамиката и стабилноста на објектот.
- Римскиот театар кај Скупи како објект со големо културно и туристичко значење за Градот. Ископувањата на стариот римски театар на археолошкиот локалитет Скупи, ќе траат и во наредните години, по што ќе следи негова конзервација и реставрација, по што објектот ќе може да се стави во функција на развој на туризмот и/или да се користи како сцена за културни случувања.
- Скопското Кале
- Хусеин-шах џамија во скопски Сарај и сл.
- Градот Скопје ќе работи на економска и туристичка валоризација на културното наследство на територијата на Градот и јакнење на препознатливоста на културните манифестации

### П4.С2.М3. Зачувување на автентичниот изглед на Старата чаршија

Значењето на спомeничката целина Стара скопска чаршија и вредностите и потенцијалите кои истата ги поседува (документираност, старост, разновидност, интегралност, впечатливост, повторливост), ја категоризираат како културно наследство од особено значење. Согласно Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење („Службен весник на РМ“ бр.130/08), основан е Совет за ревитализација на Старата Скопска Чаршија, а во функција на збогатување и унапредување на квалитетот на комплексниот живот во Чаршијата, донесена е и Програма за ревитализација на Старата скопска чаршија.

Постојните документи ги дефинираат насоките за ревитализација на Чаршијата и претствуваат солиден инструмент за преземање на системски и долгорочни мерки на сите нивоа, за нејзина заштита, ревитализација и оддржлив развој, со истовремено дефинирање на мерките и активностите за нејзино стопанско и културно реактивирање. Донесена е Стратегијата за ревитализација на Старата скопска чаршија, која претпоставува активно вклучување на Град Скопје во предвидените програмски активности. При тоа, со современиот приод во изработката на стратешкиот документ направена е добра комбинација

на Програмата за заштита на културно историското наследството со Програмата за економска ревитализација, пред се, преку активирање на економскиот потенцијал на целокупното наследство, како предуслов за отворање на нови работни места. Дефинирани се конкретни цели за интегрирана заштита и интегрирани управување на Старата скопска чаршија, што подразбира:

- обезбедување долговечност на градителското наследство по пат на негова непосредна заштита (физичка),
- одржување на соодветно окружување (изградено и природно) и негова соодветна употреба, односно вклучување во современиот живот, во насока на забрзан локален развој.

Ваквиот модел на интегрирано управување со културното наследство, кој претставува еволутивен процес на заштита на наследството, ги зема во обзир и потребите на модерното општество, потребите од зголемување на атрактивноста на Чаршијата заради привлекување инвеститори, туристи и останата јавност. При тоа, придонесот на целокупното наследството во локалниот развој, треба да се бара и проценува врз основа на неговите можни, директни ефекти на стопанството и бројот на ново отворените работни места, во секундарниот и терцијарниот сектор, т.е. во доменот на развојот на:

- оддржливиот класичен и алтернативен туризам (културен, еколошки, религиски, конгресен , деловен и др),
- афирмација на традиционална култура на живеење (гастрономија, музика, обичаи и др.),
- афирмација на традиционални и современи домашни уметнички вештини (ткаење, везење, плетење, современ дизајн од уникатен формат до малосериско производство како што е модна облека, дизајн предмети и сл.),
- современа чиста култура (театар-мини драмски и сатирични кабареа, ликовни галерии за млади уметници, музика, мини кино простори за документарци, анимиран филм и сл.),

Современиот пристап за заштита на културното наследство го јакне идентитетот на Градот и континуирано делува во правец на инкорпорирање на културното наследство во Чаршијата во туристичката понуда, пред се преку:

- идентификација и вклучување во туристичката промоција на добрата од културното наследство во Чаршијата што имаат потенцијали за развој на културниот туризам (движно и недвижно, духовно наследство, вештини, стари занаети и сл.) ,
- дефинирање на културно историските гравитациони полови од интерес на туризмот (тврдината и верските обележја во Чаршијата, како црквите и џамиите) и другите христијански и исламски споменици, надвор од заштитеното подрачје (особено манастирски комплекси во околината на Скопје и сл.) и нивна инкорпорација во посебни туристички пакети, како и
- воспоставување на градски фонд за реставрација, ревитализација и одржување на постојното движно и недвижно културно и градителско наследство, кое е дел од туристичката понуда на Скопје.

### П4.С2.М4. Обновување на централното градско јадро

Развојот на градот во современи услови, претпоставува редовно обновување и ревитализација на централното градско подрачје, со цел континуирано оддржување на објектите, дооформување на просторот и зачувување на единството и хармонијата на истиот, со нараснатите потреби на граѓаните и стопанството.

Во наредниот плански период планирани се повеќе активности со цел додефинирање и ревитализација на просторот на деловите - Урбана целина-Централно градско подрачје и Урбана целина-Централно градско подрачје II, што е резултат на заложбите на урбаната политика на градот и општините за систематско обновување на централното градско подрачје, главниот плоштад и другите плоштади во централното градско подрачје, улиците,

парковите и сл. Согласно Програмата за реконструкција и доградба на објекти во Централното градско подрачје на градот Скопје планирано е да се изврши:

- о Реконструкцијата на фасадите и реконструкцијата со доградба на објекти од двете страни по должина на улиците „Македонија“, ул. „11-ти Октомври“, ул. „Никола Вапцаров“, ул. „Димитрие Чуповски“ , ул. „Максим Горки“, Булевар „Илинден“, како и
- о Фасадите на објектите на „Плоштад ВМРО и Плоштад Мајка Тереза”.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Современа и модерна инфраструктура**

Претпоставка за подобрување на деловната клима и креирање поволно бизнис окружување за забрзан економски развој е постоењето на современа и модерна инфраструктура. Создавањето на економски, техничко-технолошки, еколошки и просторно-функционални предуслови за усогласено функционирање на сите инфраструктурни и други системи, водејќи при тоа сметка да не дојде до загрозување на културното наследство, опфаќаат повеќе активности:

**п4.с3.М1. Воспоставување на модерен интегриран транспортен систем и изградба na современа транспортно - сообраќајна инфраструктура**

Градот Скопје е главен сообраќаен јазол во Републиката. Овде се крстосуваат главните патни правци, лоцирана е главната железничка станица и авиотранспортот и од тука се одвиваат сите сообраќајни врски во државата и во окружувањето. Сообраќајната инфраструктура не ги задоволува потребите на Скопје како центар на поширокиот регион. Стратегијата предвидува постојано:

- Подобрување и надградба на ***сообраќајно-транспортна инфраструктура***, односно:
  - о Реконструкција и модернизација на некои од постојните магистрални патишта за влез и излез од град Скопје со цел унапредување на регионалната патна поврзаност,
  - о Интеграција и подобрување на квалитетот на уличната мрежа, одржување и заштита на магистралните и собирните улици т.е. редовно следење на состојбите на коловозите, велосипедските патеки и тротоарите на магистралните и собирните улици и навремено превземање мерки и активности за нивно санирање,
  - о Подобрување на постоечката и зголемување на велосипедската инфраструктура, пред се, преку изградба и реконструкција на велосипедските патеки во Градот, нивно одбележување и поврзување со останатата собраќајна инфраструктура,
  - о Оддржување на сообраќајни знаци и опрема, како и регулирање на режимот на сообраќајот на подрачјето на град Скопје: оддржување и изведба на хоризонтална, вертикална и светлосна сообраќајна сигнализација и измена на постојниот сообраќаен режим заради одвивање на побезбеден сообраќај,
  - о Подобрување на пешачките области и инфраструктура,
  - о Надминување на проблемите со сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање), особено во централното градско подрачје, во зоната на Малиот и Големиот ринг преку:
    - ✓ Изградба и менаџирање на катните гаражи во централното градско подрачје кое е со најголемо оптоварување со стационарен сообраќај, на локации „Цветен пазар“ и „Даме Груев“, со вкупен капацитет од околу 1.100 паркинг места,
    - ✓ Зголемување на површините на кои ЈП „Градски Паркинг“ го организира сообраќајот во мирување, при тоа обезбедувајќи квалитет на услугата согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и за проектирање на јавни патишта.
  - о Изградба на интермодални јазли на изводливи локации за транспортниот сообраќај - стоковно-транспортни и логистички центри и терминали како и системи и структура за поддршка на проток на стоки и услуги,

- o Осовременување на постојната инфраструктура за воздушен сообраќај и реконструкција, модернизација и проширување на капацитетот на аеродромот за меѓународен патнички и карго-сообраќај „Александар Велики" во Петровец.

Идентификувањето на основните мерки неопходни за подобрување на патната инфраструктура е направено според специфичните потреби на Градот, но и согласно потребите на Република Македонија ( согласно утврдените приоритети во Просторниот план на Република Македонија и Националната Транспортна стратегија ).

- Осовременување и модернизација ***на јавниот градски превоз***:

Стратешките документи на Град Скопје и политиките на Градот ја дефинираат потребата од ефикасен јавен транспортен систем, современ и проширен на сите делови на градот и приградските населби, транспорт кој е безбеден, ефикасен и поволен за животната средина. Градот треба да изработи Стратегија за одржлив урбан развој, која треба да ги дефинира активностите и мерките кои ќе резултираат со:

- o Проширување на инвестициите во јавните патни, железнички и воздушни превозни системи и зголемени инвестиции во транспортна инфраструктура поволна за животната средина,
- o Постоење на ефикасен и достапен јавен транспорт кој обезбедува мобилност за сите граѓани, особено за ранливите групи, како што се децата и лицата со намалена мобилност, старите лица и сл,
- o Воспоставување на ефикасен, интегриран и сигурен транспортен систем кој во целост ги задоволува потребите на граѓаните во Градот и околината и ги поврзува работодавците со работната сила и ги подобрува и условите на патување до работното место и ги минимизира времето на патување и превозните трошоци,
- o Воведување на чист и ефикасен јавен транспорт, кој е активен и поволен за животот и здравјето на граѓаните, т.е. возен парк со возила со нулта или ниско ниво на емисии и горива базирани на обновлива енергија, како и еколошко возење,
- o Подобрување на координацијата меѓу користењето на земјиштето и планирањето на транспортот и промовирање на користењето на информатичката технологија во насока на осовременување на истиот.

### П4.С3.М2. Одржување и модернизација на комуналната инфраструктура

За надминувањето на неповолните состојби поврзани со ***комуналната инфраструктура*** и подобрување на условите за живот и работа на населението, како и за поттикнување на инвестициите во град Скопје планирани се активности за: Унапредување на воспоставениот интегрален и одржлив систем на управување со отпадот, согласно европските стандарди и доградба на депонијата „Дрисла“ со делот за рециклирање на отпад.

Согласно постојната законска регулатива, како и определбите на Националниот план и Стратегијата за управување со цврст отпад, Град Скопје има изработено План за подобрување на праксата со управување со цврстиот отпад кој ги дефинира оптималните решенија за интегрирано управување со цврст отпад. Со овој плански документ за управување со цврст отпад поставени се стратешки цели базирани врз идентифицираните проблеми кои се однесуваат речиси на сите области поврзани со развојот на системот за управување со отпад. Истите треба да се решаваат преку реализација на сет на мерки и активности согласно предвидената динамика. Така, планирано е :

- o Подобрување на ефикасноста на постојните претпријатија што вршат услуга во делот на постапувањето со отпадот и модернизација на нивната техничката инфраструктура ( мобилна опрема за собирање на отпад, стационарна опрема за претовар и преработка на отпадот),

- Подобрување на стандардите на услугата за собирање на комунален отпад и проширување на услугата во руралните подрачја ( изградба на нови објекти и посебни градби ),
- Подобрување на практиката за постапување со индустрискиот неопасен и опасен отпад во согласност со постојните национални прописи и стандардите на ЕУ, (Депонијата „Дрисла“ ќе се надгради со времена изградба на нов дел на депонијата и со санација на постариот дел на депонијата и ќе ја преземе улогата на централен регионален центар за управување со неопасен отпад),
- Искористување на дел од постојните капацитети и/или дефинирање на нови локации за изградба на постројки за третман на посебни текови на отпад и преработка на фракциите од комуналниот отпад за материјал/енергија , со цел да се овозможи поекономично искористување на отпадот како секундарна суровина,
- Дефинирање на нови локации за изградба на постројки за третман на опасен и медицински отпад, со цел доследната сегрегација на опасните и неопасните фракции на отпад на изворот и забраната на депонирање на опасните фракции на отпадот на комуналните депонии (помалите создавачи на опасен отпад да обезбедат депонирање на нивниот отпад главно преку времено складирање во нивниот круг, или преку лиценцирани приватни капацитети, кои ќе понудат складирање како услужна дејност;
- Подобрување на практиката за постапување со медицинскиот отпад во согласност со постојните национални прописи и стандардите на ЕУ,
- Санација на деградираните површини и рекултивација и ревитализација на општинските "диви" депонии на територијата на Градот, особено на подрачјата со загрозени природни ресурси (површински и подземни води, обработливи површини) според претходно утврдена програма,
- Затворање и/или ревитализација на еколошките жаришта на територијата на град Скопје ,
- Спроведување на организирано депонирање на градежен шут во регионот,
- Затворање и /или ревитализација на постојните диви депонии.

Со Планот за подобрување на праксата со управување со цврстиот отпад се предвидуваат :

- Подготвка и имплементација на годишни локални планови и програми за управување со отпад, со цел реализација на зацртаните определби со градскиот план за управување со цврст отпад и Стратегијата за управување со отпад,
- Подобрување на наплатата на надоместоците од страна на граѓаните,
- Подобрување на спроведувањето на законите и јакнење на работењето на инспекцијата ,
- Селекција на комуналниот отпад на местото на настанување во сите делови на Градот.

### п4.с3.М3. Обновување и доизградба на водоводна инфраструктура и интегрирано управување со системите за водоснабдување

Градот и ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје за подобрување на водоснабдувањето, во континуитет спроведува проекти со кои се надградува, одржува и реконструира водоводната мрежа на целата територија на Градот. Во наредниот период планирано е континуирано подигнување на квалитетот на услугите за водоснабдување преку:

- Реконструкција, модернизација и проширување на <u>примарната водоводна инфраструктура и системите за водоснабдување</u>, потоа за изградба на нови и санација на постојните <u>резервоари и системи за водоснабдување</u>, како и зголемено искористување на постојните и создавање на нови <u>акумулации на вода</u>,

- Реконструкција и модернизација на системите за одведување и пречистување на отпадните води , изградба на нови и проширување на постојните канализациони мрежи, дооформување на колекторските системи , изградба на примарна канализациска и атмосферска мрежа, како и на пречистителни станици.

- Унапредување на системот со воспоставување на интегрирано управување со водите и рехабилитација и проширување, со приклучување на новите системи во руралните и оддалечени зони, преку:
  - Изработка на Физибилити студијата за управување со отпадните води за град Скопје, како еден од проектите со големо национално и прекугранично значење за заштита на животната средина (првата фаза: 2009-2013 опфаќа експропријација, изградба на колектори, градежни работи за пречистителната станица и набавка на механичка и електрична опрема.),
  - Спроведување на реформите во ЈП „Водовод и канализација“, како основен предуслов за оддржливоста на системите во кои ќе се инвестираат средствата од меѓународните институции,
  - Ревидирање на водостопанската основа и изработката на Планови за управување со речните сливови, како и формирање и финансирање на работата на Тела за управување со речен слив,
  - Надградба на системите на компјутерската поддршка на управувањето со документи (Document Management System), во функција на централизација и стандардизација на комуникациите на ЈП со корисниците, подобрување на квалитот на услугите на граѓаните и деловниот сектор и редовно следење и ажурирање на наплатата на услугите,
  - Континуирано следење и примена на нови модели и методологии во работењето , со цел намалување на загубите на вода преку намалување на работниот притисок во мрежата, како и воспоставување на т.н. зони на потрошувачка како адекватен метод за контрола на загубите на вода.

### П4.С3.М5. Гасификација на реони на град Скопје

Гасоводниот прстен околу Скопје е речиси завршен, но Скопје сѐ уште не е целосно гасифицирано. Причината за ваквата состојба е што Градот нема дистрибутивен систем за природен гас. Природниот гас е расположлив за користење во Скопскиот Регион од 1997 година, но непостоењето на дистрибутивен систем оневозможи достапност на овој енергент до крајните корисници. Првиот и можеби најголем ефект од реализацијата на овој проект за гасификација на град Скопје и пошироко на Скопскиот Регион, ќе биде значително зголемување на бројот на корисници од сите типови за кои овој енергент ќе биде расположлив.

Во Скопје во изминатиот период е изградена гасоводна мрежа во вкупна должина од 25,869 км. Оваа гасоводна мрежа со максимален притисок од 12 бари е во сопственост и ја оперира преносниот систем оператор. Во Скопје е предвидено да се изгради уште околу 14 км градска мрежа со што би се завршила фазата на реализација на градскиот гасоводен прстен во Скопје.

На градската мрежа во Скопје се приклучени повеќе од триесет индустриски потрошувачи. Овие потрошувачи, природниот гас го купуваат на граница на РМ од меѓународни трговци со природен гас. Тие имаат склучено договор за пренос на природниот гас од главната мерно регулациона станица во Жидилово до мерно регулационата станица на влез во објектите каде го трошат гасот. За оваа услуга, овие фирми му плаќаат на преносниот систем оператор, согласно цената за пренос на природниот гас одобрена од РКЕ.

Гасификацијата на Скопје ќе се врши врз база на принцип на јавно приватно партнерство, а компанијата што ќе биде партнер на државата во гасификација на главниот град треба да биде избрана најдоцна до септември 2014. Владата на Република Македонија

веќе ја има започнато постапката за доделување договор за јавно-приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем за пренос на природен гас во Скопскиот регион.

Главна цел на ова јавно-приватно партнерство е обезбедување на квалитетни, оптимални услови во работата на јавните установи во Градот, од аспект на квалитетно загревање на јавните објекти со добивање на топлинска енергија, од систем кој користи енергенс кој е поекономичен, еколошки чист и заштедува финансиски средства.

Со планираните активности предвидено е развој на дистрибутивниот систем:

- Доизградба на системот на гасификација и пласман на гас до поголем дел од стопанските субјекти, како и обезбедување на пропратна инфраструктура за забрзана индустријализација на реонот околу веќе изградениот разводен магистрален крак до ТИРЗ, каде во наредниот период се предвидува концентрирана изградба на повеќе индустриски капацитети, потенцијални корисници на природниот гас како енергент,
- Изградба на примарната мрежа паралелно во сите општини на Скопскиот Регион, која согласно планот истата треба да биде завршена во првите две години од реализацијата на проектот. Со тоа би се овозможило приклучување на најквалитетниот конзум предвиден за приклучување во втората и третата година на градбата на системот. Со оглед на фактот дека главниот конзум предвиден за приклучување во централните скопски општини: Центар, Аеродром, Кисела Вода и Карпош практично е на трасите на примарната дистрибутивна мрежа во овие општини, можно е негово приклучување во втората и третата година на реализацијата на проектот. Во останатите општини Горче Петров, Гази Баба, Чаир и Бутел за втората и третата година од реализацијата на дистрибутивните системи е предвидено приклучување на дистрибутивниот систем на најголемите поединечни корисници,
- Изградба на примарната и секундарната дистрибутивната мрежа на природен гас, и поставување приклучоци до сите крајни потрошувачи, односно јавни институции, резиденцијални и комерцијални корисници, вклучувајќи ја и опремата за мерење и регулација (МРС),
- Управување и одржување и развој на дистрибутивниот систем и инвестиции во адаптација, односно набавка на опрема за производство на топлинска енергија и дистрибуција на природен гас кај постојните објекти,

## П4.С3.М6. Развој на современи информациски и телекомуникациски системи

Развивање на комуникациски системи во согласност со најновите технолошки достигнувања и развој на нови, современи системи за комуникација, во насока на исполнување на обврската на Град Скопје за создавање на проактивен амбиент, единствен информациски простор за поддршка на развојот на информатичкото општество, дефинирана во Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии, посебно ја нагласува улогата и во Иницијативата і-Влада на Европската Унија, со која е промовирана новата визија за „општество на иднината" кое треба да биде општество базирано на знаење и иновации, општество каде сите граѓаните преку електронските и комуникациски инфраструктури и дигиталните технологии ќе имаат лесен и евтин пристап до информациите и знаењето, преку:

- Зголемување на брзините и сообраќајот во широкопојасните услуги,
- Зголемување на квалитетот и достапноста на телефонските разговори и проширување на фибер-оптичката телефонска мрежа и воведување на нови услуги кон приватните и бизнис корисници,
- Достапност на услугите до сите корисници (резиденцијални и бизнис), како и целосно (100%) покривање на населението и територија со сигнал ГСМ,

- Зголемување на пропусната моќ на мрежата за услуги од 3Г во регионот,
- Изградба на нови пунктови во радиодифузната мрежа за допокривање на населението со телевизиски и радио програми,
- Дигитализација на микробрановите врски,
- Отварање на разни организациони облици на нови поштенски единици и модернизација и опремување на целокупната поштенска мрежа за квалитетно и рационално обавување на технолошкиот процес,
- Развој на паметни јавни услуги на интернет за граѓаните и бизнисите, со цел обезбедување на подостапна, интерактивна и приспособена е-власт,
- Преминување од универзален кон приспособен пристап за јавните услуги на интернет со што ќе се задоволат потребите на корисниците од поинтерактивни јавни услуги,
- Развивање на нови услуги за мобилни (м-бизнис и трговија, м-влада, м-учење и образование, м-забава и животен стил, м-туризам и култура, м-медиуми и вести, м-животна средина и здравство, м-инклузивност и оспособување).

## ПРИОРИТЕТ 5: ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ

Врвна цел на развојот е подобрување на благосостојбата и зголемување на квалитетот на животот на сите граѓани. Луѓето се во центарот на планирањето на развојот и сите планирани активности треба да се насочат кон што поефикасно задоволување на човечките потреби.

Праведниот социјален развој е неопходна основа за севкупен развој и е важен фактор за искоренување на сиромаштијата. Социјалната сигурност на граѓаните е една од основните придобивки на цивилизацијата, и Градот Скопје систематски работи на изнаоѓање на иновативни форми на борба против сиромаштијата, социјалната ранливост и спречување на социјалната исклучивост на одредени маргинализирани целни групи.

Во насока на промовирање на превентивни мерки за здравствена заштита и поголема социјална инклузија на целокупното население се предвидува:

### П5.С1.М1. Промовирање на здрав стил на живеење и подобрување на здравјето и здравствената заштита на населението

- Унапредување на здравствената заштита ,промовирање на здрави стилови на живеење и подигнување на јавната свест и здравствената култура со цел намалување на опасностите и здравствените проблеми кај граѓаните;
- Промоција и унапредување на правата на пациентите, преку обезбедување стручна и техничка помош во работата на Комисијата и Канцеларијата за унапредување на правата на пациентите на град Скопје.;
- Подобрување на здравствена заштита на децата и младите со пречки во развојот, како и на сите другите маргинализирани групи на граѓани преку поддршка на психосоцијални програми со цел остварување социјална грижа за лицата со интелектуална попреченост и поддршка на напорите за отварање на нови дневни центри за лица со интелектуална попреченост и/или други алтернативните форми на згрижување, како и услугите за поддржано живеење, со цел поголема социјална вклученост и подигнување на квалитетот на живот,
- Поддршка во работењето на информативни телефонски линии за помош на граѓаните од употреба на дрога, алкохол, превенција на ХИВ/СИДА и други важни прашања.

### П5.С1.М2. Зајакнување на стандардите на социјалните услуги

Развојот на Скопје во град со висока општествена и социјална одговорност и социјална чувствителност, значи дека треба да се создадат услови кои ќе обезбедат добри

услови за работа и оддржливо вработување, ќе креираат пријателска средина за живеење, со услови за личен, професионален и општествен развој, на сите граѓани.

Истото, претпоставува постоење на ефикасна градската власт, високо професионална и социјално одговорна администрација, која работи на забрзување на реформските процеси во секторот за социјална , детска и здравствена заштита преку целосна реорганизација и модернизација на истиот, со цел обезбедување на поголема ефикасност и ефективност на услугите и остварување на правата на граѓаните.

Согласно планските предвидувања, системот на социјална заштита во Градот ќе биде лесно достапен и насочен кон ранливите групи, фокусиран на превентивните мерки, а воедно приспособен на локалните потреби. Истиот треба да обезбеди поттикнувачка средина за развој на социјални услуги, со висок степен на плурализација и реализација на следните цели:

- Подобрување на квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби и создавање услови за независен живот (олеснување на пристапот на лицата со посебни потреби до јавните институции , пред се образовните , културните и здравствени институции и сите други јавни институции и обезбедување адаптирани возила за превоз на лица со потешка инвалидност)
- Интегрирање на лицата со посебни потреби во програмите за вработување , со цел нивно активно вклучување на пазарот на трудот и промовирање на новите технологии, со цел зголемување на самостојноста и интеракцијата на лицата со хендикеп во сите области на животот
- Континуирано подобрување на условите на живеење на социјално загрозените лица
- Згрижување на бездомни лица и лица изложени на социјален ризик преку поддршка на функционирањето на пунктот и прифатилиштето за бездомни лица на Црвениот крст на Град Скопје, лоциран во Момин Поток, со цел привремено прифаќање и згрижување на лицата бездомници, обезбедување дневен престој со оброк, здравствена заштита, услови за одржување хигиена, советодавни услуги и сл.
- Подобрување на условите на живот на возрасната популција и збогарување на формите на влкучување на истите во акции и активности од поширок општествен интерес и значење , во насока на нивно активирање и искористување на културниот и професионалниот ресурс кој можат да го понудат ( поддршка на активностите на Сојузот на здруженија на пензионери на Град Скопје, партиципирање во реновирањето на РЦ Катланово, со цел оспособување за употреба на просториите за рекреација на пензионери и други социјално загрозени лица и сл. )
- Обезбедување грижа и здравствена заштита на стари и изнемоштени лица, преку унапредувањето на работата на отворениот Дневен центар за стари лица ( во соработка со надлежни институции, Министерство за труд и социјална политика, Меѓуопштински центар за социјална работа, Завод за социјални дејности, општините во градот Скопје и организациите кои работат на ова поле) како и унапредување, зголемување на капацитетите и следење на организацијата на служба за давање помош и нега во домашни услови на изнемоштени стари и други возрасни лица, (помош при одржување лична хигиена, набавка на храна и лекови, подготовка на храна и хранење, помагање во домаќинство, давање психосоцијална поддршка и медицинска помош во домашни услови)
- Зголемување на нивото на здравствена и социјална едукација, подигање на јавната свест и подобрување на информираноста на граѓаните за социјално осетливи прашања преку едукација, информирање, организирање трибини и работилници, едукативно промотивен материјал
- Промоција на еднакви можности помеѓу жените и мажите и унапредување на човековите права
- Остварување социјална заштита на лица засегнати од злоупотреба на droги, во насока на намалување на достапноста на дроги, намалување на бројот на лица кои

започнуваат да користат дрога, развивање на здравствени и социјални сервиси кои ќе обезбедат достапен и ефикасен третман и грижа за лицата кои користат дроги, намалување на штетите од користењето на дроги, како и намалување на стигмата и дискриминацијата кај општата популација кон ЛКД и создавање механизми за нивно социјално вклучување; - согласно Локална стратегија и Акционен план за дроги на Град Скопје 2014-2020 год., (превенција, лекување, рехабилитација и ресоцијализација, намалување на штети и градска безбедност)

- Потикнување на форми на ненасилна комуникација и развивање осетливост за препознавање на форми на семејно насилство, насилство во врска и врсничко насилство, како и зајакнување на механизмите за превенција на насилството и обезбедување на соодветни услуги за поддршка на жртвите

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Подобрување на квалитетот на живеење преку унапредување на образованието, културата, спортот и рекреацијата**

**П5.С2.М1. Подобрување на образовната структура и подигање на квалитет на воспитно-образовниот процес**

Активното учество на Град Скопје во интеграциски процеси на земјата подразбира и преземање одговорност за остварување на дел од надлежностите во сферата на образованието, пред се , во креирањето и спроведувањето на образовните политики во согласност со локалните потреби и визии за развој на средното образование и доживотното учење.

Во наредниот перид Градот ќе работи на понатамошно подобрување на квалитетот на средното образование со: 1) подобрување на образовната инфраструктура, 2) подобрување на квалитетот на образованието, пред се , преку континуирано подобрување на наставните планови, унапредување на системот на квалитет , 3) на развој на системот за континуирано образование, како и 4).поголема поврзаност на образованието со политиките за раст и работни места.

Со Локалната стратегија за развој на средното образование на Град Скопје ( 2012-2016 дефинирани се стратешките цели за развој на средното образование на територија на град Скопје:

- Подобрување на постоечката и изградба на нова училишна инфраструктура, согласно реалните потреби, како и реконструкција и изградба на спортски сали и терени во училиштата и уредување на училишните дворови. При тоа, планирано е со реконструкциите образовните институции да функционираат како енергетски ефикасни објекти, а заштедата да се реинвестирана во
- Подобрување на квалитетот на наставата , подобрување на просторните услови , опремување на училиштата со наставни помагала за редовната настава, како и со помагала за изведување вонпаставни активности и опремување на работилниците за изведување практична настава со средства и наставни помагала и /или на училишните лаборатории по природни науки со средства и наставни помагала.

Акциските планови и програми за имплементација на целите дефинирани во образовните и младински стратешки документи претпоставуваат дополнителен ангажман во насока на:

- Воспоставување на концептот на интегрирано образование, преку континуирано превземање на конкретни мерки за заемно запознавање и дружење на младите од различни заедници и
- Дефинирање на мерки и активности за подобрување на безбедноста во училиштата и спречување на училишното насилство

.

## П5.С2.М2. Подобрување на условите за работа на културните институции и јакнење на квалитетот и разновидноста на културната понуда

Креирањето на идентитетот на Скопје како главен град на Република Македонија, грижата за културното наследство и неговото вреднување во склад со актуелните политики на мултикултуралноста и интеркултурниот дијалог, поддршката на развојот на културните разноликости, отворањето на институциите и другите субјекти во областа на културата за нова публика и нови содржини, како и меѓуопштинското поврзување на ниво на Град Скопје се само некои од насоките кои се предвидуваа за наредниот период.

Согласно дефинираните стратешки цели во Стратегија за развој на културата на Градот ќе работи на зајакнување на надлежностите на локалните партнер-институции во насока на управување и промоција на материјалното и нематеријалното културно наследство, пред се преку воведување на иновативни политики во процесите на валоризација, заштита и промоција на културното наследство. Активностите за креирање на иновативен културниот производ интересен за пласман на домашниот и меѓународниот пазарот, како и за развој на културна индустрија инересна за инвестирање, ќе бидат насочени кон:

- Развивање на плурален и демократски модел на културна политика на град Скопје, кој овозможува современ пристап кон дефинирањето, разбирањето и промовирањето на мноштвото културни практики и заедници кои се раслојуваат врз основа на различни основи (возраст, субкултурни идентификации, род, сексуалност, маргинализирана социјална позиција, класа, етникум итн.), а кои генерираат модели на живот, практики на заедници и продукција, паралелни со макро-етничките модели. При тоа, палнирано е:
    - ✓ Модернизирање на начинот на финансирање на активностите од областа на културата од буџетот на Град Скопје, во насока на развивање на механизми и постапки за спроведување на рамноправна прераспределба на средствата наменети за реализација на традиционалната, модерната и современата културна продукција,
    - ✓ Поддршка на институциите на културата основани од Град Скопје,
    - ✓ Промоција на културното наследство преку поддршка на проекти од културниот туризам за промоција на културното наследство;
    - ✓ Поддршка на професионалната независна културна сцена и на аматерската култура;
    - ✓ Поддршка на младинската култура и поттикнување и развивање на разни креативни и едукативни проекти од категориите на изведбени уметности, музички уметности, визуелни уметности, уметност на новите медиуми и литература/книга/стрип албум/графичка новела;
- Јакнење на капацитетите на јавната администрација и вработените во културните институции со цел обезбедување на транспарентност, стручност и ефикасност во работењето,
- Јакнење на административните капацитети во Градот и културните институции во надлежност на Град Скопје, во смисла на следење на современите трендови и политики во сите области на културата, мноштвото механизми на соработка, вмрежување и колаборација во доменот на културата, како и промените и актуелностите во современите културни и уметнички пракси и трендови во светски рамки.
- Изработка на сеопфатно-информациски дигитални платформи и портали во културата. со цел поголем проток на информации за локалните културно наследство, модерната и современата култура и уметност, културниот туризам и туризам, гастрономијата; општествениот, културен, економски и политички живот во градот,
- Задолжителна изработка на веб-страни на сите културни институции, нивна прегледност, континуирано и ажурно одржување и надополнување , со истовремено користење на социјалните медиуми со цел промоција на нивните активности;

- Развивање на ефикасен модел за соработка меѓу различните установи, институции, организации, оддели, сектори и актери од областа на културата во градот Скопје.
- Изработка на индивидуални стратегии за култура од страна на културните установи основани од Град Скопје во согласност со целите зацртани во Стратегијата на Град Скопје;
- Поддршка на меѓународната соработка во културата. Посебно значаен чекор во контекст на овие активности претставуваат: стимулирање и поддршка на разни меѓународни соработки, поддршка на културни и едукативни проекти ко-финансирани од програмите на Унијата и други меѓународни институции, иницијативи за разни вмрежувања и меѓународни членства на Град Скопје и сл.;
- Поттикнување на развојот на ефикасни механизми и модели за спроведување на јавно-приватни партнерства во културата, како и на соработката со цивилното општество и бизнис заедницата,
- Поттикнување и развивање на нов модел на отворена културна организација како јавен сервис за сите здруженија и самостојни уметници од областа на културата,
- Осмислување и спроведување на едукативна програма за подигање на културната свест помеѓу децата и младите во градот,
- Отварање на јавните простори за креативна, уметнички, културно и социјално ангажирана продукција, а со цел јавните простори да го оживеат својот суштински потенцијал за адаптација и трансформација во согласност со актуелните културни и социјални потреби на граѓаните,
- Реконструкција, обнова и одржување на објектите и ентериерот на културните институции, основани од Град Скопје.

### П5.С2.М3. Континуирано подобрување на условите за рекреација и развој на квалитетен спорт

На Предлог на Сојузот на спортови на Град Скопје, а со цел остварување на своите надлежности во делот на развојот на квалитетен спорт и рекреација, Градот Скопје и во наредниот период, согласно програмаските документи ќе работи на реализација на активностите во делот :

- Афирмирање на Градот Скопје како развиен спортски центар со европски карактеристики што соодветствуваат на неговиот статус на главен град на Република Македонија преку:
  - ✓ Промовирање на можностите на Градот Скопје да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок светски ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;
  - ✓ Гостување во Градот Скопје на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;
- Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку :
  - ✓ развој на училишниот спорт, обезбедувајќи организациска и инфраструктурна поставеност, училишен градски систем на натпревари и поддршка на рекреативните активности на учениците од средните училишта во Градот Скопје;
  - ✓ Развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет, како и за лицата со пречки во развојот од Градот Скопје;
  - ✓ Поддршка на движењето “Спорт за сите” како и се поголемо учество на жената во спортот, со што Градот Скопје ќе направи исчекор кон приближување до светските трендови во оваа сфера;
- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка;
  - ✓ Обезбедување на услови за развој на квалитетен спорт на град Скопје;
  - ✓ Организирање, поттикнување и помагање на традиционалните спортски манифестации што се одржуваат на подрачјето на градот Скопје, други

манифестации, натпревари, турнири и спортски настани од особен интерес за Град Скопје, и сите активности од областа на спортот на Град Скопје ,

- ✓ Изградба и одржување на спортски објекти од значење за градот Скопје, утврдување на мрежата на спортски објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, определување на рекреативни зони за масовно спортување.

## ПРИОРИТЕТ 6: МОДЕРНА ГРАДСКА УПРАВА

Креирањето на ефикасната и ефективната градска администрација е суштествена за исполнување на Копенхагенските критериуми и има клучна улога за подобрување на управувањето со Градот. Приспособувањето кон европските стандарди не претставува крајна цел за модернизацијата на градската администрација, туку средство за создавање на современа администрација што ќе обезбедува висококвалитетни услуги за граѓаните и бизнисите, како и високо стручна поддршка на градската власт и другите засегнати страни во креирањето на локалните политики. При тоа, модернизацијата на градската управа претпоставува и нејзина целосна деполитизација.

Реформата и трансформацијата на „традиционалната" администрација во администрација ориентирана кон граѓаните, односно усогласена со потребите и барањата на граѓаните и клиентите претпоставува паметно, ефикасно и инклузивно давање на јавни услуги, со гаранции дека давателите ги насочуваат услугите кон соодветните и вистинските корисници, дека тоа го прават со минимални трошоци (во однос и на ресурси и на број на трансакции) и дека услугите се на располагање на сите корисници, па и на оние кои имаат отежнат пристап до истите.

Ориентираноста на градската власт кон граѓаните и постојаната комуникација со нив, ја става истата во позиција континуирано да ги подобрува ефикасноста и квалитетот на испорачаните услуги. Од друга страна пак, процесот на децентрализација, ги зголемува можностите за вклученост на граѓаните во процесите на креирање политики и донесување одлуки, особено во делот на креирањето на политиките за локалниот економски развој.

Во Град Скопје, континуираната надградба на веќе воспоставената култура на јавен дијалог и учество на јавноста, граѓанска и стручна, како и моделите на соработка, остануваат како приоритет и за наредниот период.

### СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Поголема партиципација на граѓаните и другите чинители на равојот во планирањето на развојот на Градот

Потпирајќи се на современите пракси и успешни практики од европските градови, Град Скопје има донесено Стратегија за соработка со здруженијата и фондациите, како дел од поширокиот граѓански сектор, а со цел обезбедување на инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојни активности и иницијативи на градот. Овој стратешкиот документ создадава предуслови за:

#### П6.С1.М1. Развој на партнерства со граѓанскиот сектор и бизнис асоцијациите

Градот Скопје, од 2005 година, во својата организациона структура има Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации, во чии рамки делува Одделението за соработка и поддршка на здруженијата на граѓани и фондации. Одделението е задолжено да иницира, координира и развива соработка на Градот Скопје со граѓанските организации регистрирани и со поле на делување на територијата на градот.

Една од основните улоги на Одделението е да биде заедничка точка за контакт за размена на информации и соработка, да ги координира активностите за соработка и да

известува и предлага мерки за подобрување на соработката. Организира средби со граѓанските организации, фокус-групи за разговор по одредени извештаи, програми и планови, а исто така учествува и на настани организирани од секторот и од здруженијата.

Исто така, одделението одржува интернет портал НВО Порта која преставува медиум за комуникација и информирање за активности на Градот Скопје, активности на здруженијата на граѓани како и настани, повици или активности од други заинтересирани страни. Одржува и регистер на здруженија на граѓани јавно достапен на интернет порталот НВО Порта.

Во рамки на Градот Скопје формиран е НВО Центар кој преставува ресурсен центар на граѓанскиот сектор, со понуда на простор за активности на истите.

Како мерки кои треба да се превземаат во иднина, меѓу другите, се дефинира:

- проактивно вклучување на граѓанските организации во процесите на донесување одлуки особено во подготовката и усогласувањето на развојни планови, оперативни програми и други стратегиски документи;
- унапредување на вклученоста на граѓанските организации во спроведување на активностите на градската администрација во согласност со нивниот ресор и учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки;
- развивање на јавни-приватни партнерства, како можност за унапредување и јакнење на соработката.

### П6.С1.М2. Промовирање на нови форми на соработка и партнерство со граѓанските организации, со цел обезбедување на поквалитетни и економични услуги

Граѓанскиот сектор треба да биде активен партнер на Град Скопје во процесот на креирање на политиките за локален економски и оддржлив развој, а согласно нивните квалификации и стручност истите треба да бидат и активни имплементатори на дел од истите. Во интерес на јакнење на овој вид на партнерства Градот континуирано треба да работи на дефинирање на нови иновативни форми на соработка во интерес на подигнување на нивото на вклученост на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки и креирањето на локалните политики, како и имплементација на дел од услугите. При тоа, посебено внимание треба да се посвети на можностите што ги нуди постојната законска регулатива, во делот на:

- Пренос на надлежности на одредени јавни услуги на граѓанските организации кои имаат статус на организации од јавен интерес и/или организациите на кои може да им се довери вршење на јавно овластување, како и на други институции,
- Поттикнување на регистрација на нови социјални претпријатија и промоција на социјално претприемништво како нова иновативна форма на соработка и понуда на услуги,
- Партнерски однос со организациите на работодавци, синдикатите и коморите како клучни во градењето на функционална пазарна економија,
- Пренос на надлежности на одредени јавни услуги на други деловни институции, како и за нивно зајакнато присуство во регионот, ЕУ и глобално,
- Поддршка на проекти и иницијативи на национално и на локално ниво за регионална и европска интеграција на граѓански организации, стопански комори, синдикати и други чинители.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Континуирано подобрување на компетенциите за управување со развојот

Ефикасната и ефективната градска администрација е суштествена за исполнување на Копенхагенските критериуми и има клучна улога за подобрување на управувањето и спроведување на агендата за спречување на корупцијата и исполнувањето на принципите утврдени во Повелбата на ЕУ за локалната власт (столбот „Со добро управување до раст").

Клучниот предуслов за ефективно управување е администрацијата да биде одвоена од политиката колку што е тоа можно, со истовремено воведување на системи на мерење на учинокот на давателите на јавни услуги. Град Скопје тоа може да го постигне единствено преку јакнење на капацитетот на администрацијата и преку значително подобрување на квалитетот на испорачаните јавни услуги.

Стратегијата претпоставува креирање на услови за паметно, ефикасно и инклузивно давање на јавни услуги како гаранција дека истите ќе бидат насочени кон соодветните и вистинските корисници, дека тоа ќе се направи со минимални трошоци (во однос и на ресурси и на број на трансакции) и дека сите граѓани ќе имаат подеднаков пристап до нив (Инклузивен раст). Зголемување на ефикасноста на услугите, по примерот на добри европски практики, е предуслов за севкупна продуктивна ефикасност на градската економијата.

Воспоставувањето на окружување со транспарентни и ефикасни јавни служби, ослободено од измамнички практики, заедно со ефикасен и веродостоен правен систем, има директно позитивно влијание на бизнис-средината и инвестициската клима со што ќе се постигне силен поттик за идниот економски развој на градот. Уверувањето дека владеењето на правото се почитува во целост ја зголемува довербата, а со тоа и инвестициите. Создавањето на такво окружување бара не само елиминирање на високите даноци на правните субјекти и редуцирање на дискриминаторската стратегија на цените на услугите од јавниот сектор за приватни субјекти, туку и обезбедување на сопствени приходи за локалните власти, заедно со предвидливите и адекватните трансфери, усогласени со принципите утврдени во Повелбата на ЕУ за локалната власт (столбот „Со добро управување до раст").

### П6.С2.М1. Разработка и спроведување на плановите за вработување, образование и вреднување на ефикасноста на вработените во градската управа

Во текот на планскиот период, ќе се стави акцент на подобрување и соодветна примена на новите правила, стандарди и практики за управувањето со човечки ресурси, на зголемување на автоматизација на процесите и базата на податоци за човечки ресурси во Град Скопје, како и на потребата од континуирана обука на вработените и раководителите во секторот за управување со човечките ресурси во градската администрација. Така , се планира:

- Постојано модернизирање на процесите на <u>стратешко планирање на човечките ресурси</u> и дефинирање на систем за ефикасна анализа на работните места со планирање на распоредувањето на државните службеници на соодветни работни места,
- Дефинирање на повеќегодишен програмски документ и годишни програми, за обука на вработените во Град Скопје, со истовремено,
- Воведување на систем на постојани обуки за личен развој на службеници со посебен акцент на развојот на раководни способности во рамките на системот на јавна администрација,
- Развој на соодветна организациска култура, вклучително и „доживотно учење" и слични приоди,
- Воспоставување на соработка со центрите на знаење (универзитети, институти, организации за обука, итн.) за изведување на претходна и последователна обука и консултации за имплементација на модерни концепти за УЧР, како и
- Развој и спроведување на механизмите за мотивација и подготвеност на раководните државни службеници на највисоко ниво и вработените кои постигнуваат високи резултати за работење во јавната администрација,
- Дефинирање на повеќегодишен програмски документ и годишни програми за поддршка на секторот на МСП во Град Скопје, со истовремено

- Развивање алатки за зголемување на учеството на граѓанското општество и бизнис секторот во процесот на донесување на одлуки во Град Скопје;
- Јакнење на капацитетите преку креирање на јавно-приватни партнерства;
- Зголемување на степенот на ИКТ-писменост кај вработените во градската / општинската администрација, и на крајот
- Континуирана обука на кадарот, за подготовка и имплементација на проекти, со цел активно вклучување во програмите на меѓународната заедница и максимално искористување на средствата од истите, наменети за поддршка на предвидените активности
- Јакнење на капацитетите на локалната администрација за надзор, оценка и ревизија на програмите и проектите на Град Скопје.

### П6.С2.М2. Надградба на знаењата за стратешко планирање и програмирање

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Град Скопје и понатаму ќе продолжи да обезбедува услови за развој на стручна, професионална, ефикасна и континуирана надградба на истата, во однос на стратешкото планирање и програмирање, со цел:

- Подобрување на капацитетот за интегрирано стратешко планирање и буџетирање и вертикална и хоризонтална координација во процесот на планирањето и имплементацијата на проектите со локално и регионално значење,
- Јакнење на способноста на Градот за самостојна изработка или ревидирање на стратешките документи и соодветни акциони планови, како и нивно усогласување со стратешките развојни приоритети од националните и регионални стратегии,
- Надградба на системите за мониторинг и евалуација со кои би се мерела и оценувала реализацијата на стратешките локални и регионални развојни документи. Во оваа насока, одредувањето на конкретни и мерливи индикатори на изведба треба да обезбеди редовно и прецизно следење на постигнатите ефекти и резултати,
- Зголемување на степенот на запознаеност на локалните државни службеници со националните (државните) развојни планови,
- Јакнење на способоноста на Градот за планирање и реализација на меѓуопштински проекти, како и
- Градење на капацитети за успешно промовирање на Град Скопје како туристичка дестинација и локација за странски вложувања.

### П6.С2.М3. Јакнење на капацитетот на градската администрација за користење на средствата од ЕУ и други фондови

Од големо значење за економскиот развој на Градот е вградувањето на европската димензија во процесот на децентрализацијата и проширувањето на улогата на локалните власти во процесот на интеграција со ЕУ, до ниво што ќе обезбеди додадена вредност за процесот. Во програмскиот период 2014-2017, меѓу другите приоритети, што се од големо значење за локалниот економски развој се и следниве:

- Јакнење на капацитетот на градската администрација, со цел стекнување на неопходните вештини за подготвување инвестициски апликации, во согласност со ИПА регулативата и другите стандарди и насоки на ЕУ,
- Зголемување на способноста на Градот за ефективна имплементација на прекугранични проекти финансирани од ЕУ (со оглед на значењето на оваа програма за идното користење на кохезјата и на структурните фондови),
- Континуирана надградба на знаењата на градската администрација за реализација (планирање, договарање, управување и контрола) на развојни проекти со користење на формата јавно-приватно-партнерство, каде што приватниот капитал ќе обезбеди

потребна финансиска подршка за реализирање на капитални проекти од јавен интерес,
- o Зајакнување на административните капацитети за планирање, имплементирање, мониторинг и евалуација на програмите и проектите за севкупен локален развој.

### П6.С3.М4. Јакнење на меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка на Град Скопје

Град Скопје и во наредниот период ќе продолжи да работи на јакнење на меѓуопштинска соработка со сите општини на територијата на Град Скопје , како и со општините од Скопскиот плански регион , со цел поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините и Градот Скопје, утврдени со закон и остварување на нивните заеднички интереси и цели. Согласно Законот за рамномерен регионален развој дефинирана е обврската на заедничко планирање и создавање на партнерства во проекти од регионален интерес , при што, Град Скопје има значајна улога на координатор.

Град Скопје има развиена соработка и одржува пријателски и партнерски односи со европските и светски градови. Соработката е најчесто на основ партнерство на проекти и/или на основ на инстуционализација на партнерството:

<u>Соработка на основ на збратимување</u>
Брадфорд - Велика Британија ( 1961год.), Дижон – Република Франција (1961 год.), Дрезден – Сојузна Република Германија (1967 год.), Темпи – Аризона, САД (1971 год.), Рубе – Република Франција (1973год.), Варем – Белгија (1974 год.), Нирнберг – Сојузна Република Германија (1982год.), Еч Шелиф – Алжир, (1983год.), Нан Чанг – Народна Република Кина (1985 год.), Маниса – Република Турција (1985год.), Суец – Египет ( 1985год. ), Питсбург – Пенсилванија САД ( 2001 год. ), Истанбул – Република Турција ( 2003 год.), Љубљана – Република Словенија9 2007 год. ) , Подгорица – Црна Гора (2008 год. ) , Сарагоса – Кралство Шпанија ( 2008 год.), Загреб – Република Хрватска ( 2011 год.) , Белград – Република Србија ( 2012 год.).
<u>Соработка со градови врз основа на потпишан протокол или програма за соработка</u>
Москва - Руска Федерација, Бари - Република Италија, Анкара – Република Турција, Тирана – Република Албанија, Благоевград – Република Бугарија, Крајова – Република Романија, Ташкент – Узбекистан, Урмие – Иран, Торино – Италија.
<u>Соработка врз основа на воспоставен контакт</u>
Ниш и Нови Сад - Република Србија , Риека - Република Хрватска, Сараево- Босна и Херцеговина, Стокхолм - Кралство Шведска, Букурешт - Република Романија, Саратов - Руска Федерација, Атина, Солун и Воден - Република Грција, Неапол, Равена и Фиренца - Република Италија, Мелбурн – Австралија, Париз - Република Франција, Лондон - Велика Британија и Софија - Република Бугарија.
Во рамките на меѓународната соработка, Градот Скопје е член на неколку <u>меѓународни организации и мрежи на градови:</u>

- ✓ <u>Унија на главни градови на земјите на Централна и Југоисточна ( Union of Central and South-Eastern European Capitals</u> **)** – иницијатива покрената во 1995 година од градот Атина , со која е формирана постојана конференција на градоначалниците на главните градови на Централна и југоисточна Европа. Тоа беше мрежа на главните градови од Виена до Никозија. Во 2002 година мрежата го добива името Унија на главни градови на земјите на Централна и Југоисточна Европа. Главната цел на оваа унија е развивање на чувството на европско поврзување базирано на меѓусебно разбирање.
- ✓ <u>Balcinet</u> – мрежа на градови формирана во Солун во 2000 година. Главната цел на оваа мрежа е поврзување на поголемите градови на Балканот кои се соочуваат со слични проблеми. Акцент е ставен на пријателството и соработката меѓу овие

градови, што е од исклучителна важност за развојот и просперитетот на регионот и негова интеграција во Европската Унија.

- ✓ Eurocities е најголема мрежа на поголемите европски градови, чија мисија е промовирање на размената на искуства и know-how меѓу градовите-членки. Eurocities им дава глас на градовите во Европа преку нивно влучување во дијалог со институциите на ЕУ за сите аспекти кои што имаат влијание на градовите и нивните граѓани. Eurocities силно верува дека локалните и регионалните власти имаат големо влијание во процесот на интегрирањето на земјите во ЕУ. Тргнувајќи од тоа дека 70 % од европските граѓани живеат во урбани подрачја, главната цел на Eurocities е подобрување на животот на граѓаните, без разлика на тоа каде тие живеат во Европа. Градот Скопје стана официјално асоцијативен член на оваа мрежа од 1 јануари 2006 година.
- ✓ Energie Cites е мрежа на градови и општини чија цел е креирање на политика на одржлива локална енергија. Целта на оваа мрежа е давање на придонес во развојот на партнерството меѓу општините преку размена на искуства и технологии во полето на енергетскиот менаџмент, во развојот на обновливи извори на енергија, како и во намалување на загадувањето и емисиите на гасови.
- ✓ AIMF - Интернационалната асоцијација на франкофонски градоначалници е мрежа на градови во која членуваат градови од 48 франкофонски земји. Во рамките на семинарите и средбите, асоцијацијата нуди можност за размена на искуства и дијалог помеѓу градовите - членки. Целта на асоцијацијата е зајакнување и размена на знаења помеѓу франкофонските градови и развој на солидарноста. Градот Скопје е членка во оваа мрежа од 1999 година.
- ✓ LES RENCONTRES **-** Асоцијацијата на европски градови и региони на култура е мрежа на градови во која членуваат 170 европски градови и региони од 30 држави од европскиот континент. Седиштето на асоцијацијата се наоѓа во Париз, Република Франција. Град Скопје е членка во оваа мрежа од 2011 година.
- ✓ European Cities Marketing - Организацијата за маркетинг на европските градови која делува на полето на туризмот, културата и културното наследство, каде се разменува искуство, пракса и знаење преку организирање на семинари, работилници и школи за сите свои членки.. Мрежата брои 135 членови - градови од Европа, од кои повеќе од 100 се поголемите и главните градови од 32 европски земји. Град Скопје во 2008-та година стана член на оваа мрежа на европските градови.
- ✓ LUCI (Меѓународна заедница за урбано осветлување) е единствена меѓународна мрежа која ги здружува градовите и професионалците за осветлување ангажирани во користење светлото како главна алатка за урбан, социјален и економски развој, имајќи ги во предвид одржливоста и еколошките прашања. Мрежата е основана во 2002 година, по налог на Град Лион, а денес е организација со речиси 100 членови, се состои од околу 63 градови, покрива четири континенти и брои 35 придружни членови (меѓународни компании, дизајнери и архитекти за осветлување, универзитети, независни професионалци за осветлување, итн.). Град Скопје е член во мрежата од 2014 година.
- ✓ ECAD е водечка организација во Европа која промовира Европа без дрога. Мрежата на градови е иницијатива која треба да работи на надминување на проблемите на граѓаните на Европа од трговија со дрога и злоупотреба на дрогата. градовите членови на ECAD работат на развивање на иницијативи и напори против злоупотребата на дрогите и се поддршка на Конвенцијата на Обединетите нации кои се противат на легализација и промовираат политиките за искоренување на дрогата во Светот.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Подобрување на функционирањето на градската управа и продлабочување на соработката со институциите и јавните претпријатија**

Една од целите на Град Скопје е да се создаде ефикасна, професионална и стручна јавна администрација која ќе обезбеди квалитетни јавни услуги на граѓаните и која ќе одговори на сите предизвици во процесот на придружување кон Европската Унија. Стратегијата предвидува:

**П6.С3.М1. Континуирано подобрување на системот за информирање и достапност на податоците од јавен карактер**

Град Скопје континуирано работи на подобрување на ефикасноста во работењето, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.

Согласно постојната законска регулатива и планираните активности за наредниот период, Градот ќе се обиде да обезбеди отворен систем на комуникации. Обврските во поглед на транспарентноста во работењето, како и вклучување на граѓанскиот сектор претставуваат високи приоритети во агендата на планскиот период опфатен со Акциониот план. Граѓанскиот сектор акумулира огромна креативна енергија која треба да се користи поактивно во јавниот сектор, преку подобрување и негување на културата на вклученост и почитувањето на правата на сите граѓани во процесот на креирање политики и донесување одлуки, донесување закони и пристап до информации. Истовремено, ваквото партнерство може да има силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста на понудените услуги.

Една од инцијативите која ја поддржува Европската комисија, за да овозможи дигиталната технологија да придонесе за владеење и транспарентност, е отворањето на јавните податоци. Во дигиталната ера податоците имаат друга вредност – тие се двигател на економијата. „Податоците се новиот мотор на дигиталната ера“ ( ЕУ Дигитална агенда).

Град Скопје може со минимални трошоци, да отвори огромен број податоци врз база на кои други можат да развиваат нови бизнис модели и иновативни решенија (апликации, е-услуги, итн.). Јавните податоци се продуцираат на сите нивоа на власт (локално, регионално, национално). Начинот и условите под кои податоците се направени достапни за комерцијална и некомерцијална повторна употреба, влијаат врз конкуренцијата и конкурентноста на Градот.

Креирање на отворен пристап до податоците од јавен карактер бара постојана посветеност од страна на јавните службеници. Обезбедувањето на пристап до податоците од страна на администрацијата е гарант за транспарентност, ефикасност, еднакви можности, соработка, но исто така создава и додатни вредности. Преку ова податоците од различни извори можат да бидат користени од различни и повеќе заинтересирани страни за креирање на дополнителна вредност од податоците.

Во процесот на отворање на податоци во целост ќе се почитуваат правилата кои се однесуваат на авторските права, доверливите информации и личните податоци. Со имплементација на ваквиот концепт потребно е Град Скопје да преземе конкретни чекори и мерки со кои ќе ги направи достапни јавните податоци во отворен формат:

- Објавување на податоците од јавен карактер во необработен формат и компјутерски искористлив формат на веб
- Оставање можност за преземање, индексирање, повторно користење и пребарување на јавните податоци
- Редовно ажурирање на податоците.

**П6.С3.М2. Целосна модернизација на работењето и дигитализација на услугите кои се нудат на граѓаните и бизнис заедницата**

Главните активности за развој на е-управува можат да се сумираат на следниов начин:

- ќе се следат препораките на ЕУ за интероперабилни рамки (вклучително и е-набавки, размена на деловни документи, размена на информации за заштита на животната средина и други владини информации за граѓаните, дејностите, имотот, итн. кои се достапни за јавна употреба);
- итно е потребна зголемена понуда на услугите на е-Влада за да се мотивира употреба на истите и да се зголеми ефикасноста, економијата и целокупниот развој;
- потребно е подобрување на условите за проактивни услуги, како и услуги насочени кон корисниците со интензивна употреба на документи во електронска форма;
- потребна е инфраструктура за брз и широкопојасен интернет достапен за сите што ќе им дозволи на претпријатијата и граѓаните да ги искористат придобивките од е-услугите.

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2014-2017 ГОДИНА

За остварување на секоја стратешка цел дефинирани се поединечни активности и се разработени повеќето идеи за проекти.

Во Деталниот Акционен план прикажана е временската рамка и изворите на финансирање (буџети) за реализација на секоја стратешка цел и за секој проект/активност поодделно, носители, како и потребните ресурси за нивна реализација.

Во прилог се дадени и описи на сите 95 предложени проектни идеи, распоредени по стратешки цели.

Согласно динамиката на имплементација на Деталниот акционен план ќе се изработуваат описи на проектните идеи и за останатите планирани активности/проекти и истите ќе бидат приложени кон Акциониот план.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Временски период | 2014 - 2017 | |
| **ПРИОРИТЕТ 1: ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ** | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Максимизирање на потенцијалот на човечките ресурси | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** Подобрување на перформансите на пазарот на трудот | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| **Активности/Проекти** | | **Временска рамка** | | **Извори на финансирање** | | | **Буџет во Евра** |
| | | | | **Град Скопје** | **Меѓународ ни програми** | **Други** | **Вкупно** |
| **П1.Ц1.М1** | **Развивање на култура на учење и промоција системот на доживотно учење со цел подигање на образовното ниво на населението** | | | | | | |
| | Формирање на Градски центар за човечки развој преку доживотно учење | 2015 | 2016 | 20.000 | 100.000 | 0 | 120.000 |
| | Јавна кампања за доживотно учење | 2015 | 2016 | 2.500 | 52.500 | 0 | 55.000 |
| **П1.Ц1.М2** | **Рационализација и усогласување на мрежата на средни училишта со потребите на локалната економија и локалните развојни планови** | | | | | | |
| | Стипендии за ученици кои изучуваат занает | Континуирано | | 25.000 | 0 | 25.000 | 50.000 |
| | Полигон на центри за обука во занаетчиството | 2015 | 2017 | 50.000 | 120.000 | 50.000 | 220.000 |
| **П1.Ц2.М1.** | **Подобрување на протокот на информации и промоција на националните програмите за вработување** | | | | | | |
| | | | | | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **П1.С2.М2.** | **Изработка на локален акциски план за вработување на Град Скопје** | | | | | |
| | Локален акционен план за вработување на Град Скопје | 2015 | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 |
| | | **Вкупно** | **107.500** | **272.500** | **75.000** | **455.000** |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 1 | ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ |
| Цел | 1 | Максимизирање на потенцијалот на човечките ресурси |
| Мерка | 1 | Развивање на култура на учење и промоција системот на доживотно учење со цел подигање на образовното ниво на населението |
| Име на проект | | **Формирање на Градски центар за човечки развој преку доживотно учење** |

Опис на проектот

Краток опис на проектот:

Проектот претпоставува формирање на градски центар за развој на човечки ресурси кои ќе ги обедини интересите и потребите на сите субјекти кои го детерминираат локалниот и регионалниот развој (градските и локалните власти, вработувачите, образованието, граѓанскиот сектор).

Центарот ќе траба да остварува перманентна комуникација со владиниот Совет за образование на возрасните, да доставуваат информации до главната база на податоци на СОВ, да прибира информации од пазарот на трудот во Градот и поширокиот регион , од давателите на образовни услуги и иницијативите на граѓанските здруженија, да спроведува анализи на образовните потреби на младите и возрасните, да креираат програми за образование на возрасните, да делува локално на популаризација на образованието и развојот на културата на учење и да вршат перманентен мониторинг врз ризичните групи кои тендираат да станат долготрајно невработени, и да обезбедува мобилност на службите за вработување и советодавна дејност.

Реализацијата на оваа активност подразбира координација на учеството на сите заинтересирани страни во конституирањето на Центарот, алоцирање на финансиски средства во буџетот на општината за просторно, инфраструктурно и техничко опремување, изработка на акти кои ќе ја регулираат дејноста на Центарот.

Релација: Национална програма за развој на образованието во Република Македонија, програмите за развој на основното, средното/постсредното и високото образование и Програмата за образование на возрасните и доживотно учење.

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Град Скопје<br>Можни партнери:<br>o Министерство за образование<br>o Совет за образование на возрасни | 2015-2016 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 20.000,00 | 120.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др. меѓународни институции | 100.000,00 | |
| Други: | 0,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 1 | ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ |
| Цел | 1 | Максимизирање на потенцијалот на човечките ресурси |
| Мерка | 1 | Развивање на култура на учење и промоција системот на доживотно учење со цел подигање на образовното ниво на населението |
| Име на проект | | **Јавна кампања за доживотно учење** |

Опис на проектот

Краток опис на проектот:

Проектот има за цел развивање на културата на учење кај младото и возрасното население , бидејќи недостатокот на култура на учење кај возрасното население е една од детектираните слабости во образованиот систем за возрасни. Оваа слабост предизвикува намален интерес за вклучување на возрасните во разни облици на образование и е најмногу изразена кај повозрасното население и кај одредени маргинализирани групи.

Развивањето на културата на учење и зголемувањето на свесноста кај младото и возрасното население за значењето на образованието треба да резултира со нивна засилена мобилност во формалните, неформалните и информалните облици на учење. Проектот директно ќе придонесе за зајакнување на работните и социјалните компетенции на населението и спречување на работната, социјалната и образовната исклученост на загрозената популација.

Во соработка со Градскиот центар за човечки развој треба да се изработи програма за популаризација на образованието и да се спроведе по пат на јавни манифестации, фестивали, саеми, презентации, популарна литература и користејќи ги услугите на соодветните медиуми (печат, радио, телевизии, интернет). Во рамките на дефинираните програми за средното образование ќе се инсистира на развој на компетенциите за учење и подигањето на свеста кај децата и младите за доживотно учење, како и апликација на комбинирани мерки на обука и работно искуство (“сендвич метод”) во функција на зајакнување на нивната вработливост.

Со оглед на анализите на потенцијалните корисници на образованието на возрасни, фокусот треба да се стави на вработените, невработените на возраст до 39 години, на лицата со средно образовно ниво и маргиналните групи на население.

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Град Скопје<br>Можни партнери:<br>o Министерство за образование<br>o Совет за образование на возрасни | 2015-2016 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 2.500,00 | 55.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др. меѓународни институции | 52.500,00 | |
| Други: | 0,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 1 | ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ |
| Цел | 1 | Максимизирање на потенцијалот на човечките ресурси |
| Мерка | 2 | Рационализација и усогласување на мрежата на средни училишта со потребите на локалната економија и локалните развојни планови |
| Име на проект | | **Стипендии за ученици кои изучуваат занает** |

| Опис на проектот |
|---|
| Во рамките на проектот Стипендии за ученици кои изучуваат занает предвидено е стипендирање на ученици од средните стручни училишта на градот Скопје.<br>Со овој проект е планирано да бидат опфатени ученици кои изучуваат некој од занаетите, кои се дел од наставните програми во средните стручни училишта на градот Скопје.<br>Стипендиите е планирано да бидат покриени од Градот Скопје, Занаетчиската комора Скопје и работодавачите. Истите ќе се доделуваат врз основа на покажаниот успех на ученикот, редовната посета на практичната обука како во рамките на училиштето така и кај работодавачите. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| ○ Занаетчиската комора - Скопје<br><br>Можни партнери:<br>• Град Скопје | континуирано |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 25.000,00 | 50.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др.меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: (Занаетчиска комора) | 25.000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 1 | ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ |
| Цел | 1 | Максимизирање на потенцијалот на човечките ресурси |
| Мерка | 2 | Рационализација и усогласување на мрежата на средни училишта со потребите на локалната економија и локалните развојни планови |
| Име на проект | | **Полигон на центри за обука во занаетчиството** |

| Опис на проектот |
|---|
| Целта на проектот е да се формира Образовен центар за занаетчиство, кој што ќе претставува центар во кој ќе се вршат обуки за квалификации и преквалификации за занаетчиски занимања и издавање на уверенија за стручна оспособеност. Центарот ќе содржи повеќе работилници за посебни занаети каде ќе се спроведуваат обуките под водство на врвни мајстори -занаетчии и според утврдени програми.<br>Во Образовниот центар ќе постојат и сали за одржување на семинари, конгреси, деловни или бизнис средби, изложби, мини саеми, компјутерски центри, центри за странски јазици.<br>Планирано е Центарот да биде опремен со соодветна опрема и технички помагала и да ангажира соодветно обучен и стручен кадар, во насока на обезбедување на високо квалитетни обуки и стекнување на вештини за соодветен занает. |

| |
|---|
| Во рамките на проектот ќе се поддржува можноста за самовработување на млади кадри кои се стекнале со звање и квалификации, но се без практично искуство, воедно ќе се овозможи и поддршка за започнување на сопствен бизнис, особено на оние кои ги негуваат старите традиционални занаети. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| ○ Занаетчиската комора - Скопје<br><br>Можни партнери:<br><br>• Град Скопје | 2015-2017 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 50.000,00 | 220.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др.меѓународни институции | 120.000,00 | |
| Други: | 50.000,00 | |

| Приоритет | 1 | ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ |
|---|---|---|
| Цел | 2 | Максимизирање на човечките ресурси |
| Мерка | 2 | Изработка на локален акциски план за вработување на Град Скопје |
| Име на проект | | **Локален акционен план за вработување на Град Скопје** |

| Опис на проектот |
|---|
| Проектот - Локален акционен план за вработување на Град Скопје за период 2015-2020, предвидува изработка на комплексен стратешки документ, во кој врз основа на опсежна анализа на постојните состојби на локалниот пазар на трудот, ќе се идентификуваат стратешките проиритети во областа на вработувањето и можностите за мобилизирање и рационално искористување на сите расположливи ресурси за поттикнување на вработеноста.<br>Со документот треба да се изработи анализата на локалниот пазар на труд во град Скопје, но и во поширокатa околина на Градот, со цел да се иднетификуваат промените и постојните состојби на побарувачката и понудата на работна сила. Со него истовремено треба да се идентификуваат насоките и целите во областа на вработувањето во град Скопје и да се предвидат активности и програми/проекти чија реализација треба да резултира со зголемување на вработеноста и намалување на невработеноста.<br>Се предвидува проектот да се реализира во соработка со Град Скопје и единиците на локалната самоуправа на територијата на град Скопје, пред се со секторите за локален економски развој , потоа Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центарот за вработување - Скопје, со претставниците од бизнис секторот и од институциите за поддршка на бизнисот, невладините организации кои работат во делот на вработувањето и институциите кои нудат можности за доживотно образование. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Град Скопје и консултантска фирма избрана на јавен повик | 2015 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 10.000,00 | 10.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др.меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 0,00 | |

.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Временски период | | 2014 - 2017 | |
| **ПРИОРИТЕТ 2 : РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА** | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Креирање на поволно бизнис опкружување | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** Развој на економија базирана на знаење, иновации и кавлитет | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:** Регионализација и интернационализација на бизнисот | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** Развој на културни и креативни сектори | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5:** Промоција на претприемништвото | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| **Активности/Проекти** | | **Временска рамка** | | **Извори на финансирање** | | | **Буџет во Евра** |
| | | | | **Град Скопје** | **Меѓународ ни програми** | **Други** | **Вкупно** |
| **П2.Ц1.М1** | **Јакнење на постојната и развој на нова инфраструктура за деловна поддршка** | | | | | | |
| | Сертификат за поволно деловно окружување на Град Скопје | 2014 | 2015 | 5.000 | 0 | 15.000 | 20.000 |
| **П2.Ц1.М2** | **Развој на поволно финансиско опкружување** | | | | | | |
| | | | | | | | 0 |
| **П2.Ц2.М1.** | **Унапредување на деловните иновации и поддршка на иновативните компании** | | | | | | |
| | | | | | | | 0 |
| **П2.Ц3.М1.** | **Поддршка на извозот и пристапот до странските пазари** | | | | | | |
| | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **П2.Ц3.М2** | **Промоција на инвестиции од домашни извори и привлекување на странските директни инвестиции** | | | | | | |
| | Промоција на Скопје како деловна дестинација | 2014 | | 7.000 | 0 | 0 | 7.000 |
| **П2.Ц3.М3** | **Зголемување на квалитетот на туристичката понуда** | | | | | | |
| | Еко- маркица за хотели | 2015 | | 3.000 | 95.000 | 2.000 | 100.000 |
| | Велосипедска патека за екстремен велосипедизам | 2014 | 2016 | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| | Висечки мост на Матка | 2014 | | 16.000 | 0 | 0 | 16.000 |
| **П2.Ц3.М4** | **Промоција на корпоративната и општествена одговорност како услов за зголемена компетитивност на бизнис секторот** | | | | | | |
| | | | | | | | 0 |
| **П2.Ц4.М1** | **Јакнење на капацитетите на Центарот за креативни индустрии** | | | | | | |
| | | | | | | | 0 |
| **П2.Ц4.М2** | **Вмрежување во платформи на регионално и меѓународно ниво** | | | | | | |
| | Настап на саем за занаетчиство и мало стопанство МИНХЕН Германија | 2014 | 2017 | 3.000 | 0 | 12.000 | 15.000 |
| **П2.Ц5.М1** | **Вклучување на претприемништвото во образовниот систем** | | | | | | |
| | Развивање Вештини и Способности кај Учениците | 2015 | 2016 | 15.000 | 0 | 0 | 15.000 |
| **П2.Ц5.М2** | **Промоција и поддршка на иницијативите за заедничко настапување и претприемачко здружувањево** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| **П2.Ц5.М3** | **Промоција на социјалните иновации и социјалното претприемништво** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| **П2.Ц5.М4** | **Вклучување во програмите за регионалниот економски развој** | | | | | | |
| | | **Вкупно** | | **69.000** | **95.000** | **29.000** | **193.000** |

| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
|---|---|---|
| Цел | 1 | Креирање на поволно бизнис опкружување |
| Мерка | 1 | Јакнење на постојната и развој на нова инфраструктура за деловна поддршка |
| Име на проект | | **Сертификат за поволно деловно окружување на Град Скопје** |

**Опис на проектот**

Краток опис на проектот:

Сертификацијата за поволно бизнис опкружување е процес во кој треба да се верификува степенот на исполнување на голем број дефинирани критериуми , кои го потврдуваат постоењето на поволна бизнис клима, која вклучува ефикасна администрација, транспарентно локално владеење, соодветна инфраструктура и партнерство со индустријата. Овој процес ќе се одвива врз основа на јасно дефинирани правила и модел на добри практики, а во крајна линија со исполнување на истите Градот ќе треба да добие Меѓународен печат за квалитет за Бизнис пријателска општина/ град.

Бизнис пријателска сертификација – **BFC** (сертификација на општините со поволна деловна клима) е процес кој промовира стандарди за ефикасна и транспарентна локална администрација, квалитет на услугите и информациите. Самиот процес на сертифицирање ја поттикнува конкуренцијата меѓу општините за привлекување нови инвестиции и ги зајакнува економските врски во рамките на регионот. Процесот е еден вид на гаранција за инвеститорите дека општината ги нуди сите потребни услови за успешно лансирање и развој на бизнисите.

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Град Скопје<br>Можни партнери:<br>o Сојуз на Стопански Комори<br>o Заедница на единиците за локална самоуправа ЗЕЛС | 2015 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 5.000,00 | 20.000 евра |
| Програми на ЕУ и др. меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 15.000,00 | |

.

| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
|---|---|---|
| Цел | 3 | Регионализација и интернационализација на бизнисот |
| Мерка | 2 | Промоција на инвестиции од домашни извори и привлекување на странските директни инвестиции |
| Име на проект | | **Промоција на Скопје како деловна дестинација** |

**Опис на проектот**

Градот Скопје ќе продолжи да се промовира како атрактивна деловна дестинација за странските и за домашните инвеститори. Тоа ќе се направи преку овозможување на сите домашни и странски инвеститори на едно место да ги добијат сите суштински информации за можностите за инвестирање во град Скопје. Дополнително, Град Скопје ќе продолжи да се промовира како идеална деловна дестинација преку дистрибуција на печатени материјали и промотивни видео спотови во познати светски медиуми и презентација на реномирани светски саеми.

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| Град Скопје | 2015 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 7.000,00 | 7.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др.меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 0,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
| Цел | 3 | Регионализација и интернационализација на бизнисот |
| Мерка | 3 | Зголемување на квалитетот на туристичката понуда |
| Име на проект | | **Еко-маркица за хотели** |

Опис на проектот

Проектот Зелени хотели предвидува дефинирање на нова услуга во пакетот на услуги кои ги нуди Регионалниот центар за малите пансиони и хотели во регионот на град Скопје. Со проектот ќе се дефинира методологијата за имплементација на еко – етикетата (еко ознака) за дел од капацитетите за туристичко сместување во град Скопје. Истовремено, со проектот ќе се промовираат придобивките кои ги нуди системот за еко- етикетирање, за запазување на природните вредности на животната средина.

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Фондацијата за развој на мали и средни претприемништва-Скопје<br>Можнипартнери:<br>✓ Град Скопје<br>✓ Еко мозаик | 2015-2016 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 3.000,00 | 100.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др. меѓународни институции | 95.000,00 | |
| Други: Хотели на територија на град Скопје | 2.000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
| Цел | 3 | Регионализација и интернационализација на бизнисот |
| Мерка | 3 | Зголемување на квалитетот на туристичката понуда |
| Име на проект | | **Велосипедска патека за екстремен велосипедизам** |

Опис на проектот

| |
|---|
| Краток опис на проектот:<br><br>Целта на проектот е дефинирање и изградба на трасата за планински - екстремен велосипедизам и велотуризам од Милениумскиот крст до средно Водно. Зоната во која би се одвивале дефинираните алтернативни содржини за забава и рекреација е надвор од урбаната средина на град Скопје, односно во парк шумата „Водно “.<br>Изградбата на велосипедската патека ќе биде можност истата да се користи за организација на велосипедски трки во екстремен велосипедизам од меѓународен карактер. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Град Скопје<br>o Можни партнери – граѓански сектор | 2014-2016 год. |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 20.000,00 | 20.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др. меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 0,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
| Цел | 3 | Регионализација и интернационализација на бизнисот |
| Мерка | 3 | Зголемување на квалитетот на туристичката понуда |
| Име на проект | | **Висечки мост на Матка** |

| Опис на проектот |
|---|
| Краток опис на проектот:<br><br>Проектот предвидува изградба на висечки мост на езерото Матка. Предвидено е мостот да биде поставен на пешачката патека што почнува од клинот кај црквата “Св. Андреа” и која Градот Скопје целосно ја има реконструирано во изминатито период, при што веќе има поставено заштитна ограда во правец на пештерата Врело.<br><br>Мостот треба да обезбеди пешачки пристап до пештерите Врело, Крштална и Убава, а со тоа овие природни убавини да ги направи и подостапни за посетителите и туристите на кањонот Матка.<br><br>Висечкиот пешачки мост ќе овозможи да се поврзе брегот на вештачкото езеро Матка со пештерите Врело, Крштална и Убава, кои се наоѓаат од другата страна на езерото, а со тоа овие природни убавини да ги направи и подостапни за посетителите и туристите на кањонот Матка. Инаку, во моментов до пештерите се стасува само со кајче. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Град Скопје<br>o Можни партнери – граѓански сектор | 2014–2015 год. |

| Буџет | Вкупен Буџет |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 16.000,00 | 16.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др. меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 0,00 | |

| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
|---|---|---|
| Цел | 4 | Креативни индустрии |
| Мерка | 2 | Вмрежување во платформи и преставување на регионално и меѓународно ниво |
| Име на проект | | **Настап на саем за занаетчиство и мало стопанство МИНХЕН Германија** |

| Опис на проектот |
|---|
| Имплементацијата на Проектот- настап на саем за занаетчиство и мало стопанство МИНХЕН-Германија, е од големо значење за занаетчиите во Р. Македонија, од причина што саемот во Минхен претставува една од најголемите саемски манифестации за занаетчиството во Европа.<br>Развојот на занаетчиството се остварува со разменување на искуства со занаетчиите од европските земји. Проектот успешно ќе биде остварен доколку занаетчиите ќе бидат претставени со сопственото занаетчиско производство, на штанд на манифестацијата со што заинтересираните за соработка ќе остварат директни контакти. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| o Занаетчиската комора- Скопје<br>o Град Скопје | Годишна манифестација<br>2014-2017 |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 3.000,00 | 15.000 евра |
| Програми на ЕУ и др.меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 12.000,00 | |

| Приоритет | 2 | РАЗВИЕНА, КОНКУРЕТНА И ОДРЖЛИВА ЕКОНОМИЈА |
|---|---|---|
| Цел | 5 | Промоција на претприемништвото |
| Мерка | 1 | Вклучување на претприемништвото во образовниот систем |
| Име на проект | | **Развивање вештини и способности кај учениците** |

| Опис на проектот |
|---|
| Градот Скопје преку серија дополнителни активности ќе придонесе за развој на дополнителните вештини на учениците.<br>Тоа ќе се реализира преку:<br>o Организација на натпревари меѓу учениците и училиштата на теми од областа на претприемаштвото (изработка на деловен план на зададена задача, изработка на реклама за одреден производ и сл.).<br>o Подигање на свеста на учениците за можностите за самовработување.<br>o Организирање работилници и дебатни натпревари преку кои ќе се даде можност за |

| |
|---|
| поголемо изразување на учениците;<br>o Зголемување на чувството за иновации и подигање на свеста за претприемачко образование на учениците, со цел полесно да се вклучат во светот на бизнисот. |

| Имплементатори | Период за реализација |
|---|---|
| ○ Град Скопје / Министерство за образование и наука | Континуирано |

| Буџет | | Вкупен Буџет |
|---|---|---|
| Град Скопје: | 15.000,00 | 15.000,00 евра |
| Програми на ЕУ и др.меѓународни институции | 0,00 | |
| Други: | 0,00 | |

.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Временски период** | 2014 - 2017 | | |
| **ПРИОРИТЕТ 3 : ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Заштита на животната средина и здравјето на луѓето | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** Одржливо управување со природните ресурси | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Ефикасно користење на енергијата** | | | | | | | |
| **Активности/Проекти** | | **Временска рамка** | | **Извори на финансирање** | | | **Буџет во Евра** |
| | | | | **Град Скопје** | **Меѓународни програми** | **Други** | **Вкупно** |
| **П3.Ц1.М1** | **Примена на интегриран пристап при управување со водите** | | | | | | |
| | Изградба на централна пречистителна станица за град Скопје во Трубарево | 2014 | 2020 | 0 | 12.726.000 | 0 | 12.726.000 |
| | Континуирано набљудување на водите што ги хранат изворите за водоснабдување на Градот Скопје | Континуирано | | 0 | 0 | 20.000 | 20.000 |
| **П3.Ц1.М2** | **Подобрување на квалитетот на воздухот со превземање на конкретни активности** | | | | | | |
| | Ele.C.Tra - Електричен градски превоз" | 2014 | 2017 | 0 | 76.346 | 0 | 76.346 |
| | Изработка на студија за проценка на еколошкиот капацитет на град Скопје | 2014 | 2017 | 16.260 | 0 | 0 | 16.260 |
| | Изработка на План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на агломерација Град Скопје | 2014 | 2016 | 16.250 | 0 | 0 | 16.250 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **П3.Ц1.М3** | **Заштита на почвите преку подобрување на квалитетот на останатите медиуми на животната средина и интегрирано управување со отпадот** | | | | | | |
| | Рекултивизација на поранешната дива депонија „Вардариште“ | 2014 | 2017 | 48.780 | 0 | 0 | 48.780 |
| **П3.Ц1.М4** | **Идентификување на изворите на бучава и намалување на емисиите на бучава** | | | | | | |
| | Изработка на Стратешка карта на бучава и Акционен план за бучава во животната средина во град Скопје | 2014 | 2016 | 211.400 | 0 | 0 | 211.400 |
| **П3.Ц1.М5** | **Континуирано подобрување на системите за управување со отпадот** | | | | | | |
| | Управување со отпадни батерии и акумулатори, и отпадна електрична и електронска опрема | 2014 | 2017 | 15.000 | 0 | 0 | 15.000 |
| | Изработка на план за управување со отпад | 2016 | | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| | Замена на азбесно цементни кровови на средните училишта | 2014 | 2015 | 100.000 | 0 | 0 | 100.000 |
| **П3.Ц1.М6** | **Спроведување на законските обврски поврзани со заштитата на животната средина** | | | | | | |
| | Изработка на интегриран катастар на загадувачи | 2014 | 2015 | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| **П3.Ц2.М1** | **Одржливо управување со зелените површини** | | | | | | |
| | Изработка на Студија за озеленување и пошумување на подрачјето на град Скопје | 2014 | 2015 | 13.000 | 0 | 0 | 13.000 |
| | Реконструкција на зеленилото на кејот на река Вардар | Континуирано | | 155.000 | 0 | 0 | 155.000 |
| | Изработка на Катастар на јавните зелени површини на Град Скопје – прва фаза | 2015 | 2017 | 75.000 | 0 | 0 | 75.000 |
| **П3.Ц2.М2** | **Развивање на механизми за спроведување на заштита на биодиверзитетот** | | | | | | |
| | Валоризација и иницирање на заштита на нови локалитети во Скопскиот регион | 2014 | 2017 | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 |
| | Изработување планови за управување на заштитените предели во скопскиот регион | 2015 | 2016 | 65.000 | 0 | 0 | 65.000 |
| **П3.Ц3.М1** | **Поттикнување на користењето на обновливите извори на енергија** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување на ЛЕАП на Град Скопје | 2017 | | 110.000 | 5.000 | 0 | 115.000 |
| | Енергетска ефикасност во објектите на Град Скопје | 2014 | 2017 | 113.500 | 0 | 0 | 113.500 |
| **П3.Ц3.М2** | **Примена и поттикнување на практики за подобрување на енергетската ефикасност во јавниот сектор и приватниот сектор** | | | | | | |
| | Le(a)d-to-EPC - Развивање на регионални пазари преку проекти за замена на улично осветлување со LED технологија | 2016 | | 0 | 17.435 | 0 | 17.435 |
| **П3.Ц3.М3** | **Воспостување на енергетски информациски систем на град Скопје со комуникациска стратегија за енергија** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | **Вкупно** | | **1.014.190** | **12.824.781** | **20.000** | **13.858.971** |

| | | |
|---|---|---|
| Приоритет | 3 | ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
| Цел | 1 | Заштита на животната средина и здравјето на луѓето |
| Мерка | 1 | Примена на интегриран пристап при управување со водите |
| Име на проект | | **Изградба на централна пречистителна станица за Град Скопје во Трубарево** |

Опис на проектот

Градот Скопје преку Владата на РМ работи на обезбедување финансиски средства за изградба на пречистителна станица, која треба да биде лоцирана во Трубарево.

